РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ 2026–2028

Скопје, март 2026

Почитувани,

Стратешкиот план на Министерството за финансии за периодот 2026–2028 година е силна потврда на остварување на нашата мисија - преку успешно управување со јавните финансии да постигнеме повисок економски раст и подобрар квалитет на живот на граѓаните на Република Македонија.

Истовремено, тој е и во согласност со нашата визија, а тоа е со реализација на прогресивни идеи да придонесеме во зајакнување на функционалната пазарна економија, којашто се темели на знаење, иновации и одржлив развој.

Дисциплинирана фискална политика, намалување на сивата економија и поефикасна наплата на средства во државниот буџет и фискална консолидација остануваат клучни елементи на кои се заснова фискалната политика којашто ќе ја спроведуваме во наредниот период. Односно, буџетска политика и фискална консолидација, коишто се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст и развој на домашната економија. Во спроведување на фискалната политика остануваме посветени на обезбедување значително ниво и средства на јавни инвестиции и интензивирање на нивната реализација.

Во остварување на целите за постигнување забрзан и долгорочен економски раст ќе работиме и на поголемо мобилизирање на приватниот капитал, продолжување на реформите во управувањето со јавните финансии, поддршка на политиките за развој на човечкиот капитал, дигитализација на јавните услуги, зелена економија, подобрување на квалитетот на образовниот и на здравствениот систем, подобрување на физичката инфраструктура, деловното окружување и намалување на неформалната економија.

Исто така, ќе продолжиме со реализација на активности со зголемена транспарентност и инклузивност во креирањето на политиките со поголемо учество на сите засегнати страни, а сето тоа во насока на подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

Во остварување на задачите и целите коишто се во делокруг на работата на Министерството за финансии особено важно прашање е човечкиот капитал, затоа во наредниот период ќе се насочиме и кон зајакнување на капацитетите на институцијата преку градење знаење и вештини.

Стратешкиот план на Министерството за финансии за периодот 2026–2028 година, којшто потесно ги утврдува прироритетите и целите на работа на Министерството за финансии, е подготвен согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2024–2028 година, стратешките приоритети и приоритетните цели утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката на Владата за 2024–2028 година, Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2023–2026 година, Програмата на економски реформи 2025–2027 година, Заедничките заклучоци од Економскиот и финансиски дијалог со ЕУ од 13 мај 2025 година и програмата НПАА. Стратешкиот план претставува и придружен документ на буџетот на Министерството за финансии за 2026 година, согласно со интегралниот процес на планирање и буџетирање.

Реализацијата на програмите и потпрограмите во Стратешкиот план на Министерството за финансии 2026–2028 година со силна посветеност на вработените ќе придонесе кон остварување на мисијата и визијата на Министерството за финансии, а тоа е еконмски напредок и подобар квалитет на живот.

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска-Кочоска

# СОДРЖИНА

**1.1 ВОВЕД** ..... **5**
**1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА** ..... **6**
1.2.1 SWOT АНАЛИЗА (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Treats) ..... 6
1.2.2 PESTLE АНАЛИЗА (Political, Economic, Social, Technological, Legal and Environmental) ..... 8
**1.3 МИСИЈА** ..... **9**
**1.4 ВИЗИЈА** ..... **9**
**1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ** ..... **9**
1.5.1 УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ ..... 11
**1.6 СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ** ..... **12**
**1.7 СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ И ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ** ..... **14**
**1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ:** ..... **15**
**1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА** ..... **16**
**1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА** ..... **34**
**1.11 ПРОГРАМИ** ..... **57**
1.11.1 ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА ..... 57
1.11.2 ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ ..... 59
1.11.3 ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР, ЈАВЕН ДОЛГ И ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ..... 59
1.11.4 ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА ..... 60
1.11.5 ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ ..... 60
1.11.6 ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ..... 61
1.11.7 ПРОГРАМА ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ..... 61
1.11.8 УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА ..... 62
**2 ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (2026–2028 година)** ..... **64**
**2.1 ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА** ..... **64**
2.1.1 Потпрограма: Правни работи ..... 65
2.1.2 Потпрограма: Општи работи ..... 68
2.1.3 Потпрограма: Човечки ресурси ..... 70
2.1.4 Потпрограма: Финансиски прашања ..... 72
2.1.5 Потпрограма: Внатрешна ревизија ..... 74
2.1.6 Потпрограма: ИТ технологија и дигитализација ..... 75
2.1.7 Потпрограма: Стратешко планирање ..... 77
2.1.8 Потпрограма: Академија за јавни финансии ..... 79
**2.2 ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ** ..... **81**
2.2.1 Потпрограма: Макроекономски политики ..... 82
2.2.2 Потпрограма: Развојни проекти ..... 85

**2.3 ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР, ЈАВЕН ДОЛГ И ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ........ 87**
2.3.1 Потпрограма: Буџет и фондови ........ 88
2.3.2 Потпрограма: Трезор ........ 92
2.3.3 Потпрограма: Управување со јавен долг ........ 94
2.3.4 Потпрограма: Следење и анализа на финансиското работење на јавните претпријатија ........ 96
**2.4 ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА ........ 98**
2.4.1 Потпрограма: Политика за јавни приходи од акцизи ........ 99
2.4.2 Потпрограма: Даночна политика ........ 100
2.4.3 Потпрограма: Царинска политика ........ 102
**2.5 ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ ........ 104**
2.5.1 Потпрограма: Банкарски институции ........ 105
2.5.2 Потпрограма: Следење и надзор над работата на небанкарските институции ........ 106
2.5.3 Потпрограма: Пазар на капитал ........ 108
2.5.4 Потпрограма: Сметководствен систем, ревизија и систем на плаќања ........ 109
2.5.5 Потпрограма: Игри на среќа и забавни игри ........ 111
2.5.6 Потпрограма: Систем на осигурување и реосигурување ........ 112
**2.6 ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ........ 113**
2.6.1 Потпрограма: Управување со средства од Инструментот за претпристапна помош – ИПА ........ 115
2.6.2 Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори ........ 117
2.6.3 Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција ........ 119
2.6.4 Потпрограма: Меѓународни финансиски односи ........ 121
2.6.5 Потпрограма: Управување со јавни инвестиции ........ 123
**2.7 ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА, ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР И ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ ........ 125**
2.7.1 Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола ........ 127
2.7.2 Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор ........ 130
2.7.3 Државен девизен инспекторат ........ 132
**2.8 ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА ........ 134**
2.8.1 Потпрограма: Нормативно имотноправни и облигациони работи ........ 135
2.8.2 Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците ........ 136
**3 ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ........ 138**
**4 ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ ........ 140**
**5 ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ........ 140**
**6 РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ ........ 141**
**7 РИЗИЦИ ........ 144**
**7.1 Ризици на ниво на Стратешки план ........ 144**
**7.2 Ризици на ниво на Програма ........ 145**

## 1.1 ВОВЕД

Министерството за финансии продолжува да ги реализира своите активности со зголемена транспарентност и инклузивност во креирањето на политиките. Фокусот останува во насока на подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и поголемо учество на сите засегнати страни при креирањето и спроведувањето на фискалните политики. Ова е особено актуелно и релевантно во периодот на сѐ уште присутната неизвесност од долготрјаниот воени конфликт во Украина, како случувањата на Блискиот Исток, што придонесува за влошување на меѓународното окружување, притоа предизвикувајќи раст на цените на меѓународните пазари на храна и енергенти.

Во наредниот среднорочен период, како дел од целите на Владата за економски раст, Министерството ќе се фокусира на одржување на макроекономската и финансиската стабилност, на фискалната консолидација со истовремено подобрување на управувањето со јавните инвестиции, а воедно ќе работи и на поголемо мобилизирање на приватниот капитал, продолжување на реформите во управувањето со јавните финансии, поддршка на политиките за развој на човечкиот капитал, дигитализација на јавните услуги, зелена економија, подобрување на квалитетот на образовниот и на здравствениот систем, подобрување на физичката инфраструктура, деловното окружување и намалување на неформалната економија.

Министерството ќе продолжи посветено да работи на воведување „паметни“ финансии преку систем на подолгорочно и поквалитетно буџетско планирање ориентирано кон резултати, како и на транспарентноста и отчетноста на јавните финансии како највисок степен на фискална контрола.

Новиот Закон за буџети е носечки закон на системот „паметни“ финансии, односно најголемата фискална реформа во последните две децении. Со овој закон традиционалното инкрементално буџетирање ќе се преориентира кон буџетирање насочено кон резултати. Главните реформи што ги содржи Законот се однесуваат на среднорочно проектирање и буџетирање, воведување Интегриран информациски систем за управување со јавните финансии, како и воведување фискален совет и фискални правила и принципи. Законот предвидува изработка на среднорочна петгодишна фискална стратегија базирана на секторски пристап и буџетирање базирано на успешност преку воведување и следење на индикаторите за успешност.

Не помалку важно е и вложувањето во развојот на човечките капацитети на Министерството за финансии. Оттаму, во наредниот период напорите на раководството на институцијата ќе бидат насочени кон зајакнување на човечкиот капитал и градење знаење и вештини. Во таа насока во тек се бројни активности поддржани од нашите партнери ЕУ, Светска банка, ММФ, како и преку билатерална соработка со повеќе земји.

Стратешкиот план на Министерството за финансии за периодот 2026–2028 година е подготвен согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024–2028 година, стратешките приоритети и приоритетните цели утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката на Владата за 2024–2028 година, Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2023–2026 година, Програмата на економски реформи 2025–2027 година, Заедничките заклучоци од Економскиот и финансиски дијалог со ЕУ од 13 мај 2025 година и програмата НПАА. Во согласност со интегралниот процес на планирање и буџетирање, Стратешкиот план претставува придружен документ на буџетот на Министерството за финансии за 2026 година.

## 1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Клучни елементи на фискалната политика ќе бидат дисциплинирана фискална политика, намалување на сивата економија и поголема наплата на средства за државниот буџет и фискална консолидација.

Согласно објавените податоци од ДЗС, во 2024 година домашната економија забележа раст од 3,0%.

Анализирано според расходната страна на БДП, економскиот раст во 2024 година се должи на зголемената домашна побарувачка, во услови на раст на бруто-инвестициите од 10,3% и приватната потрошувачка од 2,1%. Надворешно-трговската размена забележа пад како резултат на сè уште неповолното надворешно окружување и послабиот раст од очекуваниот кај главните трговски партнери, при што извозот и увозот на стоки и услуги во 2024 година истовремено забележаа реален пад од 4,0% и 1,4%, соодветно.

Растот на домашната економска активност во третиот квартал од 2025 година дополнително забрза, забележувајќи реален раст од 3,8% на годишна основа, по растот од 2,9% во првиот и 3,5% во вториот квартал, со што економскиот раст во првите девет месеци од 2025 година изнесува 3,4%. Позитивните движења на економската активност продолжија и покрај неизвесностите предизвикани од надворешни фактори.

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност се должи на зголемената домашна побарувачка, во услови на зголемени бруто-инвестиции и умерен раст на потрошувачката, додека нето-извозот имаше негативен придонес кон растот. Бруто-инвестициите во третиот квартал од 2025 година остварија раст од 30,6% на годишна основа. Финалната потрошувачка регистрираше раст од 1,8%, при што личната потрошувачка забележа умерен раст од 0,9%, а јавната потрошувачка се зголеми за 5,7%. Извозот на стоки и услуги во третиот квартал од 2025 година порасна за 3,4% на реална основа, додека увозот се зголеми за 9,9%. Кумулативните остварувања во текот на првите три квартали од годината укажуваат на стабилизирање и постепено подобрување на надворешнотрговската активност, по неповолните движења во 2024 година.

Остварениот БДП во првите три квартали од 2025 година е во согласност со проектираниот раст за 2025 година од 3,5%.

Во среднорочниот период, фокусот на фискалната политика останува на обезбедување значително ниво на јавни инвестиции, коишто се предуслов за подобрување на економските перспективи и на животот на граѓаните. Во таа насока, планиран е значителен износ на капитални инвестиции преку користење средства од Буџетот, вклучително и средствата обезбедени со заеми од меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори. Планираните износи укажуваат на интензивирање на инфраструктурните проекти, односно средства за инвестициски вложувања за патната и железничката инфраструктура, енергетската и комуналната инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.

### 1.2.1 SWOT АНАЛИЗА (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Treats)

SWOT анализата е алатка за стратешко планирање. Се користи за процена на предностите и слабостите како внатрешни фактори и на можностите и заканите како надворешни фактори што влијаат врз Министерството за финансии.

**Предности на Министерството за финансии:** ефикасно и ефективно донесување ад хок одлуки од страна на највисокото раководство во услови на кризни состојби; посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски; подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации; соодветна правна рамка (законски и

подзаконски акти) усогласени со регулативата на ЕУ и одлична примена на правото во сите работни процеси; спроведување контрола на регуларноста на трансакциите и другите активности од областа на финансиското управување и контрола во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво; заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција; одлична соработка со меѓународните финансиски институции и билатерални донатори; изготвени политики и процедури за квалитет (ISO 9001:2015) и информациска сигурност (ISO 27002).

**Слаби страни што се воочени во Министерството за финансии:** ограничена понуда на потребни обуки во земјата и странство со цел надградување на вработените; недоволна координација и комуникација помеѓу организационите единици.

**Можности за подобрување на постојната состојба во Министерството за финансии се:** соодветна прераспределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација и меѓуресорски трансфери на дел од вработените за да можат да дадат поголем придонес, како и надградба и усовршување на вработените преку генерички и специјализирани обуки во земјата и странство, унапредување на координацијата и коминикацијата во рамките и помеѓу организационите единици.

**Закани (опасности) по редовното функционирање на Министерството за финансии се:** заминување во пензија и ненавремено пополнување на работните места со нововработени кои ќе ги преземат знаењето и искуството од оние што заминуваат.

### SWOT АНАЛИЗА

| **ПРЕДНОСТИ (силни страни):** | **СЛАБОСТИ (слаби страни):** |
|---|---|
| – ефикасно и ефективно донесување ад хок одлуки од страна на највисокото раководство;<br>– посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;<br>– подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации;<br>– соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со регулативата на ЕУ и одлична примена на правото во сите работни процеси;<br>– спроведување контрола на регуларноста на трансакциите и другите активности од областа на финансиското управување и контрола во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво;<br>– заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција;<br>– одлична соработка со меѓународните финансиски институции и билатерални донатори;<br>– изготвени политики и процедури за квалитет (ISO 9001:2015) и информациска сигурност (ISO 27002). | – ограничена понуда на потребни обуки во земјата и странство со цел надградување на вработените;<br>– недоволна координација и комуникација помеѓу организационите единици. |

| **МОЖНОСТИ:** | **ЗАКАНИ (опасности):** |
|---|---|
| – соодветна прераспределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација и меѓуресорски трансфери на дел од вработените за да можат да дадат поголем придонес;<br>– надградба и усовршување на вработените преку генерички и специјализирани обуки во земјата и странство;<br>– унапредување на координацијата и коминикацијата во рамките и помеѓу организационите единици. | – заминување во пензија;<br>– ненавремено пополнување на работните места со нововработени кои ќе ги преземат знаењето и искуството од оние што заминуваат. |

### 1.2.2 PESTLE АНАЛИЗА (Political, Economic, Social, Technological, Legal and Environmental)

Анализата на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори (PESTLE анализа) ни помага да го согледаме влијанието на надворешните фактори врз работењето на Министерството за финансии во 2024 година.

***Политички фактори*** што имаат влијание врз функционирањето на Министерството за финансии се: стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија; заклучоците што произлегуваат од седниците на Владата, кои треба да ги спроведе Министерството за финансии; редизајнирањето на буџетската политика и фискална консолидација, коишто се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија.

Извештаите на ЕК за напредокот на РСМ претставуваат важна рамка за насоките за работа на МФ.

***Меѓу поважните економски фактори*** што имаат влијание врз функционирањето на Министерството за финансии се: обезбедени финансиски средства во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија; пристап до меѓународни програми и фондови; можности за обезбедување средства од донатори за спроведување одредени проектни активности, економска стабилност и закрепнување во периодот на воениот конфликт и енергетската криза.

***Социјални фактори*** што имаат влијание врз функционирањето на Министерството за финансии се: влијанието на граѓанскиот сектор и информирањето на медиумите за работењето на Министерството за финансии.

***Технолошки фактори*** што имаат влијание врз функционирањето на Министерството за финансии се: напредок на дигиталните технологии, а во таа насока е креирана нова веб-страница на МФ (висококвалитетен портал кој ќе овозможи пристап до сите информации во ингеренција на МФ).

***Од правните фактори*** што имаат влијание врз работењето на Министерството за финансии ги издвојуваме: општите законски и подзаконски акти; Законот за буџети; меѓународните договори (билатерални и мултилатерални) и други активности на меѓународно ниво.

***Еколошки фактори*** што имаат влијание врз работата на Министерството за финансии се: климатските промени и меѓународните и националните стандарди за заштита на животната средина.

**PESTLE АНАЛИЗА**

| **Политички фактори:** | **Економски фактори:** | **Социјални фактори:** |
|---|---|---|
| – стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија;<br>– заклучоците што произлегуваат од седниците на Владата кои треба да ги спроведе Министерството за финансии;<br>– редизајнирањето на буџетската политика и фискална консолидација, коишто се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија;<br>– извештаите на ЕК за напредокот на РСМ, коишто претставуваат важна рамка за насоките за работа на МФ. | – обезбедени финансиски средства во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија;<br>– пристап до меѓународни програми и фондови;<br>– можности за обезбедување средства од донатори за спроведување одредени проектни активности;<br>– економска стабилност и закрепнување во периодот на воениот конфликт и енергетската криза. | – влијанието на граѓанскиот сектор;<br>– информирањето на медиумите за работењето на Министерството за финансии. |
| **Технолошки фактори:**<br>– напредокот на дигиталните технологии;<br>– креирана нова веб-страница на МФ (висококвалитетен портал кој ќе овозможи пристап до сите информации во ингеренција на МФ). | **Правни фактори:**<br>– општи законски и подзаконски акти;<br>– Закон за буџети;<br>– меѓународни договори (билатерални и мултилатерални) и други активности на меѓународно ниво. | **Еколошки фактори:**<br>– климатски промени;<br>– меѓународни и национални стандарди за заштита на животната средина. |

## 1.3 МИСИЈА

Мисијата на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Северна Македонија.

## 1.4 ВИЗИЈА

Визијата на Министерството за финансии е со реализација на прогресивни идеи од својот домен да придонесе за зајакнување на функционалната пазарна економија која се темели на знаење, иновации и одржлив развој.

## 1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Министерството за финансии ги врши работите што се однесуваат на:

– креирање среднорочна стратегија за економско заздравување и забрзан раст, со акцент на изворите, инструментите и механизмите за финансирање на растот;

- креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, како и координација и учество во процесот на подготовка на Програмата на економски реформи;
- креирање на фискалната политика, управување со јавните финансии, унапредување на буџетскиот процес, подготвување и извршување на Буџетот и завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија и подготовка на среднорочни фискални проекции, анализа и следење на буџетските приходи и расходи на централно и локално ниво и следење на јавните инвестиции;
- креирање даночна и царинска политика во функција на зголемување на конкурентноста на националната економија и водење преговори за склучување на договорите за заштита на инвестиции и на договорите за одбегнување двојно оданочување и за заштита од фискална евазија;
- ефикасно управување со јавниот долг на Република Северна Македонија преку обезбедување средства за финансирање на Буџетот на државата со најнизок можен трошок на среден и долг рок и со одржливо ниво на ризик и издавање државни гаранции на начин кој одговара на прудентно ниво на ризик, одржување ефикасен и ликвиден пазар на државни хартии од вредност и редовно сервисирање на обврските по основ на јавниот долг;
- управување со трезорската и со другите сметки на државата, евидентирање на јавните приходи и расходи на централно и локално ниво, нивна распределба по корисници и на единиците на локалната самоуправа, како и подготовка на проекции за ликвидноста на трезорската сметка; извршување на Буџетот на РСМ и на буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- унапредување на управувањето со јавните финансии преку промовирање на транспарентноста, отчетноста, фискалната дисциплина и ефикасноста во користењето на јавните ресурси со цел обезбедување ефикасност и ефективност на јавната потрошувачка и обезбедување повисоко ниво на јавни услуги и економски развој, како и координација во процесот на реализација на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии – ПФМ;
- ефикасно користење на претпристапната помош од ЕУ и воспоставување ефикасен систем на контроли во распределбата на средствата од фондовите на ИПА;
- одржување стабилен финансиски систем преку изготвување регулатива од областа на банкарскиот систем и небанкарските финансиски институции, пазарот на капитал, системот на осигурување, сметководствениот систем, ревизијата и платниот промет, финансискиот лизинг, финансиските друштва, игрите на среќа и забавните игри, како и следење и надзор над давателите на финансиски лизинг и финансиските друштва;
- наплата на побарувања пренесени по законски основи во Министерството за финансии, побарувања генерирани од компензациони фондови и наплата на побарувања по основ на договори за препозајмување (он лендинг);
- хармонизација и унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ и спроведување внатрешна финансиска контрола во Министерството и во другите органи, спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во други субјекти согласно надлежностите од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор;
- заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција преку организирање и спроведување инспекциски надзор на регуларноста на трансакциите и другите активности од областа на финансиското управување и контрола извршени во субјектите од јавниот сектор на

централно и локално ниво, како и заштита на финансиските интереси на Европската Унија преку координација на административни и оперативни обврски и активности и предлог-измени на националното законодавство во врска со борбата против измама на фондови на ЕУ и ефективна соработка со Европската канцеларија за борба против измама (ОЛАФ);
- јакнење на системот на јавни набавки во согласност со европските стандарди и системот на борба против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, во функција на јакнење на правната држава и владеењето на правото;
- координација на соработката со меѓународните финансиски институции и непосредно учество во преговорите со ММФ и со Светската банка за аранжманите коишто се поддршка на имплементацијата на структурните реформи за економски развој, како и со Европската банка за обнова и развој, Европската инвестициска банка, Банката за развој при Советот на Европа и билатералните финансиски институции во однос на утврдување најповолен начин за финансирање на проектите;
- програмирање, техничка имплементација и следење на проектите на Министерството за финансии финансирани преку ИПА II и ИПА III;
- инспекциски надзор над работењето на резиденти и нерезиденти кои вршат дејност на територијата на Република Северна Македонија и води прекршочна постапка и изрекува прекршочни санкции по девизните прекршоци.

### 1.5.1 УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ

Управувањето со јавните финансии опфаќа повеќе аспекти, кои вклучуваат: економска анализа, макроекономска и фискална рамка, мобилизација и наплата на приходи, планирање на Буџетот, управување со јавни инвестиции, јавни набавки вклучувајќи и ЈПП, воспоставување Интегриран информациски систем за управување со јавните финансии (ИФМИС), Академија за јавни финансии, буџетско сметководство, јавна внатрешна финансиска контрола, надворешна контрола и парламентарен надзор и УЈФ на локално ниво. Реформите во јавните финансии за подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зголемување на наплатата на приходите, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување на внатрешната и надворешната контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето се идентификувани како една од клучните цели на Владата, што треба да обезбеди забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните. Тоа вклучува одржување стабилен буџет на долг рок, притоа продолжувајќи со обезбедување квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти преку модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација. Подобреното управување со јавните финансии ќе се базира на јасна стратегија, реформски ориентирано и транспарентно управување, во насока на имплементирање на реформите што треба да се направат во јавните финансии, во смисла на подолгорочно и поквалитетно планирање на буџетските програми и буџетите. Ова значи стремеж кон поправичен модел на јавни финансии гледано од аспект на приходите, расходите и начинот на финансирање, односно популарно кажано - како се полни Буџетот и како и каде се трошат парите на граѓаните, при што фокусот е ставен на замена на традиционалното буџетирање со буџетирање засновано на резултати и воведување повеќегодишна буџетска рамка. Управувањето со јавните финансии се спроведува преку годишни акциски планови, а следењето се врши врз основа на полугодишни и годишни извештаи. Спроведувањето и следењето на новата Програма 2022–2025 година се базира на секторски дијалог за политиките со сите заинтересирани страни, кој беше воспоставен со претходната Програма. Целта на дијалогот е да се осигури заедничката работа врз приоритетите и политиките во секторот Управување со јавни финансии и да се воспостави синергија и усогласеност помеѓу различните иницијативи, како и да се обезбеди дека буџетските средства и сите други расположливи ресурси, вклучително и донаторските средства ќе се користат на целисходен и транспарентен начин.

Новиот Закон за буџети, којшто беше усвоен од страна на Собранието во септември 2022 година и којшто ја дава рамката во која се дефинира системот за управување со јавни финансии во Република Северна Македонија, ја дава насоката за реализација на целите на Програмата. Со овој закон се уредува постапката за изготвување, донесување, извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје и известување за нивното извршување. Законот ги регулира и фискалните правила, фискалните принципи, воспоставувањето Фискален совет, среднорочното буџетско планирање, управувањето со средствата на државата и општините, како и следењето на финансиските резултати на јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата и општините, како и фискалната одговорност и основите за воспоставување Интегриран информациски систем за управување со јавните финансии.

Еден од најголемите приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како дел од процесот за пристапување во Европската Унија, е подобрување на управувањето со јавните финансии и зајакнување на среднорочното буџетирање за наредните 5 години.

## 1.6 СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно поврзани со подготовката на следните стратешки документи: Фискална стратегија со која се дефинира среднорочната фискална и макроекономска политика, Стратегија за управување со јавен долг со која се дефинира политиката на управување со јавниот долг, Буџет на Република Северна Македонија, Програма на економски реформи во рамки на поедноставениот Европски семестар на ЕУ за земјите кандидати со цел подобрување на економското управување, како и Програма за управување со јавните финансии, со која се дефинираат реформите во областа на јавните финансии, во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните финансии. Истовремено, Министерството за финансии, во рамките на своите надлежности, обезбедува контрола и надзор врз финансиското и наменското користење на средствата и го координира исполнувањето на обврските што произлегуваат од програмата НПАА и од други стратешки документи за европска интеграција.

Во Министерството за финансии се воспоставени главните структури за децентрализирано/индиректно управување со средствата од ЕУ - ИПА (Надлежен координатор за акредитација, Национален координатор за авторизација и Програмски службеник за авторизација/раководител на оперативната структура), коишто ја преземаат крајната одговорност за ефикасно и ефективно финансиско управување со средствата од претпристапните фондови од ЕУ – ИПА, согласно овластувањата што произлегуваат од склучените договори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија. Исто така, формирано е Одделение за координација на борбата против измама на ЕУ средствата (АФКОС) во насока на координација на административните и оперативните обврски и активности со цел да се заштитат финансиските интереси на Европската Унија и ефективната соработка и размена на информации со ОЛАФ.

Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки и внатрешната финансиска контрола, а се поврзани и со активностите во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречувањето перење пари и финансирање тероризам, како и со надзор над законитоста на девизното работење на резидентите и нерезидентите што вршат дејност на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно ова, Министерството го координира и надгледува спроведувањето на политиките во работата на: Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотно правни работи и Државниот девизен инспекторат, како органи во состав на Министерството за финансии.

Во остварувањето на своите активности и извршувањето на задачите, Министерството за финансии соработува со: Народната банка на Република Северна Македонија, Развојна банка на Северна Македонија, мултилатерални и билатерални финансиски и други институции и организации (ММФ, Светска банка, Банка за развој при Советот на Европа, Германска кредитна банка за обнова - КфВ, Секретаријат за економски прашања на Швајцарија (SECO), Шведска агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA), Јапонска агенција за меѓународна соработка (JICA), Европска банка за обнова и развој, агенции на ООН (УНДП, ФАО и други), Европска инвестициона банка, Европско биро за борба против измама (ОЛАФ), Европска комисија, Делегација на Европската комисија и други меѓународни субјекти и синдикати), како и со корисниците и единките корисници на средства од Буџетот, единиците на локалната самоуправа, Генералниот секретаријат при Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Државниот завод за ревизија, Државниот завод за статистика, Сојузот на стопански комори на Македонија, Македонската берза, Централниот депозитар на хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Фондот за осигурување на депозити, Централниот регистар, Националното биро за осигурување, Државниот завод за геодетски работи, институции од науката, јавните обвинителства, судовите, Комисијата за спречување на корупцијата, бизнис-секторот (одделни деловни субјекти, компании, економски здруженија и сл.).

## 1.7 СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ И ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ



## 1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ:

Владата на Република Северна Македонија со Одлука ги утврди следните стратешки приоритети за периодот 2024–2028 година:

– обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото;
– економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард и подобар и поквалитетен живот за секого;
– унапредување на националната одбранбена политика и на планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност;
– интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија;
– сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици;
– професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и на стартап екосистем;
– создавање амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени;
– целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности.

Министерството за финансии, во рамките на своите законски надлежности, презема мерки и активности кои придонесуваат за реализација на одредени стратешки приоритети, притоа дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

– зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;
– одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и зголемен мониторинг во користењето и располагањето на јавните средства;
– предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи и намалување на буџетскиот дефицит;
– подобрено управување со јавните финансии преку етапна фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;
– намалување на сивата економија и поттикнување на приватна иницијатива и инвестиции;
– унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на децентрализацијата, унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;
– подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините;
– зголемување на енергетската ефикасност на јавните објекти, домаќинствата, индустријата, гасификација на домаќинствата, стопанството и јавниот сектор;
– ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси;

- подобрување на законската институционална и оперативна рамка за превенција, откривање и борба против неправилностите и измамите при имплементација на фондовите од Европската Унија;
- зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола;
- стручна, професионална и департизирана администрација;
- дигитализирана јавна администрација.

## 1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА

Согласно објавените податоци од ДЗС, во првата половина од 2024 година домашната економија забележа раст од 2,3%, додека во втората половина од годината растот забрза на 3,6%, со што економскиот раст во 2024 година изнесува 3,0%.

Анализирано според расходната страна на БДП, економскиот раст во 2024 година се должи на зголемената домашна побарувачка, во услови на раст на бруто-инвестициите од 10,3% и приватната потрошувачка од 2,1%. Надворешно-трговската размена забележа пад како резултат на сè уште неповолното надворешно окружување и послабиот раст од очекуваниот кај главните трговски партнери, при што извозот и увозот на стоки и услуги во 2024 година истовремено забележаа реален пад од 4,0% и 1,4%, соодветно.

Исто така, Министерството за финансии, во рамките на своите надлежности, реализира мерки и активности во функција на ублажување на ефектите од воениот конфликт во Украина, ценовната и енергетската криза врз економијата со цел задржување на макроекономската стабилност. Поаѓајќи од законски утврдените надлежности и организационата поставеност на Министерството, беа подготвени повеќе закони и подзаконски акти во функција на реализација на поставените цели и надлежности на Министерството.

Во понатамошниот текст се елаборирани постигнатите цели на Министерството за финансии по програми за горенаведениот период, и тоа:

### ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

**Во Потпрограмата за правни работи беа преземени следните активности:**

- донесување на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година во предвидениот законски рок;
- изготвување на извештаи за реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2023 година;
- собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата на секторите, односно организациските единици во Министерството за финансии за набавка на стоки, услуги и работи;
- спроведување постапки за јавни набавки согласно Законот за јавните набавки предвидени во Годишниот план за јавни набавки;
- зајакнување на институционалната култура на почитување на приватноста и на личните податоци на граѓаните кои на било кој начин општат и кореспондираат со Министерството за финансии, а вклучително и на вработените лица во министерството;
- изготвување договори за јавни набавки согласно донесените одлуки за избор на најповолен понудувач;
- спроведување набавки под вредносни прагови согласно Законот за јавните набавки;
- изготвување договори за јавни набавки согласно донесените одлуки за избор на најповолен понудувач;

- спроведување набавки под вредносни прагови согласно Законот за јавните набавки;
- поднесување одговори по жалби до ДКЖЈН;
- давање одговори на барања за информации од јавен карактер за кои имател на информации е Министерството за финансии;
- давање мислења по доставени барања на мислења по закони, подзаконски акти и други прописи кои се од надлежност на Министерството, а кои ги изработуваат организациските единици во Министерството;
- давање мислења по закони, подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа;
- давање мислења по поднесени иницијативи за изменување и дополнување на законските и подзаконските акти во надлежност на Министерството доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа;
- одговори на тужби, жалби и други правни лекови до Државното правобранителство на РСМ, во кои постапки како тужена стана се јавува Министерството за финансии;
- поднесување иницијативи до Државното правобранителство на РСМ за поведување постапки пред надлежен суд.

**Во Потпрограмата за општи работи беа преземени следните активности:**

- изготвување инструкции за сервисирање, технички преглед, регистрација и осигурување на службените возила, набавка на канцелариска хартија, канцелариски потрошен материјал, информатичка опрема и други инструкции во согласност со склучените договори за јавни набавки;
- изготвување решенија за право на користење мобилен телефон за службени потреби и за ограничување на износот на сметката;
- правење порачки, давање согласности и одобренија во согласност со договорите за јавни набавки;
- изготвување упатници за користење апартмани во објектите за одмор;
- одржување на опремата и инвентарот во зградата на Министерството;
- одржување на имотот на Министерството за финансии (движен и недвижен имот);
- континуирано преведување од македонски на англиски јазик и обратно и од македонски на албански јазик и обратно на законските и подзаконските акти и на други пишани материјали што произлегуваат од делокругот на работата на Министерството за финансии;
- изготвување на акти за канцелариско и архивско работење;
- спроведување на постапка за уништување на докумнентација на која е истечен рокот за чување;
- изготвување на Информација за трајно отстапување на движни ствари на ДИК;
- континуирано следење на реализацијата на договорите склучени во согласност со ГПЈН и договорите по исклучок од ЗЈН, како и на договорите склучени преку СОЗР.

**Во Потпрограмата за управување со човечки ресурси беа преземени следните активности:**

- спроведени јавни огласи за вработување, согласно Планот за вработување за 2024 година;
- спроведени огласи на определено време;
- спроведени огласи за унапредување;
- спроведени постапки за мобилност;
- подготвен и донесен Годишен план за вработување за 2025 година;
- подготвен и донесен Годишен план за генерички обуки за 2025 година;

- се изготвени полугодишни извештаи за реализација на Годишниот план за вработување за 2024 година и Годишниот план за генерички обуки за 2024 година;
- изготвен Годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници;
- спроведена постапка за оценување на ефектот на административните службеници;
- спроведени активности и носење на акти поврзани со остварување на правата од работен однос;
- грижа за високо ниво на мотивација и етика и следење на примената на етичкиот кодекс на административните службеници;
- следење и унапредување на дисциплината на административните службеници;
- спроведени постапки за дисциплинска одговорност;
- извршени измени и дополнувања на актите за организација и систематизација на работните места во министерството.

**Во Потпрограмата за финансиски прашања беа преземени следните активности:**

- изработка и усогласување на Завршните сметки за 2023 година со кои управува Секторот за финансиски прашања во согласност со сметководствените прописи и законската регулатива, како и нивно навремено доставување до Централен Регистар на РСМ и Државниот завод за ревизија согласно законски предвидените рокови;
- подготовка на Годишниот финансиски извештај за 2023 година согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- подготовка и поднесување на Основното сценарио на приходи и расходи и Предлог-буџетско барање на Министерството за финансии за 2025 година до Сектор за буџети и фондови, вклучително распределба на средства по програми и ставки согласно стратешките приоритети.

Во **Потпрограмата за внатрешна ревизија** беа изготвени:

- годишни извештаи за работата на Секторот во Министерството за финансии за 2023 година, како и извештаи за работата на Секторот во Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење внатрешна ревизија;
- извештаи за спроведени внатрешни ревизии во согласност со годишните планови за внатрешна ревизија за 2024 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството има склучено договори за вршење внатрешна ревизија;
- стратешки планови за извршување на внатрешната ревизија за периодот од 2025 до 2027 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството има склучено договори за вршење внатрешна ревизија;
- годишни планови за внатрешна ревизија за 2025 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството има склучено договори за вршење внатрешна ревизија.

**Во Потпрограмата за ИТ технологија и дигитализација** беше воспоставен Заштитен ѕид на веб-апликации - WAF.

- Заштитен ѕид на веб-апликации - WAF.

До крајот на 2024 година беа превземени и следните активности:

- континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на други субјекти;
- професионално унапредување на вработените во секторот за ИКТ;
- континуиран развој, одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија;
- превенција на загуба на податоци (DLP) со класификација на чувствителни документи;
- услуга за управување со Компјутерска безбедност, со што дополнително ќе се проверува безбедноста на системот за ИКТ;
- Надградба и редизајнирање на МИС на ЦФСД и МИС на УИПР;
- редизајнирање на мрежата на МФ;
- надградба и промена на активната мрежа на WIFI и покривање на подрачните единици со WIFI;
- подготовка и развој на ИФМИС;

**Во Потпрограмата за стратешко планирање** беа изготвени следните документи:

- Годишен план за работа на Министерството за финансии за 2024 година којштo е објавен веб-страницата на Министерството за финансии;
- Стратешки план на Министерството за финансии за периодот 2024–2026 година, исто така, објавен на веб-страницата на Министерство за финансии;
- Извештај за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2023 година;
- Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Министерството за финансии за 2023 година;
- предлози од Министерството за финансии за стратешките приоритети и цели за Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за утврдување на стратешките приоритети во 2025 година;
- предлог-иницијативи од Министерството за финансии за Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година (финална верзија);
- подготовка на Нацрт–стратешки план на Министерството за финансии за периодот 2025–2027 година;
- подготовка на Нацрт-годишен план за работа на Министерството за финансии за периодот 2025 година;
- подготовка на предлог-иницијативи од Министерството за финансии за Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година;
- ажурирање на Законодавната агенда на Владата за 2024 година;
- ажурирање на Законодавната агенда за закони од Министерството за финансии коишто се во собраниска процедура.

**Потпрограма: Академија за јавни финансии**

До крајот на 2024 година беа преземени следните активности:

- Донесена Годишната програма за обука за административни службеници за 2024 година,
- Донесена Методологија за работа на Академијата за јавни финансии во која се утврдува начинот на работа, визија и мисија, засегнатите страни во процесот и функциите,
- Изготвен Прирачник за изготвување на наставна програма за обука,
- Организирани вкупно 5 обуки (согласно Годишната програма за обука за административни службеници за 2024 година и ад хок обуки) на кои учествуваа 110 учесници,

- Изготвени 5 извештаи за мерење на ефектот на реализираните обуки,
- Воспоставена мрежа на контакти со институции на централно ниво,
- Спроведена анализа и изготвен извештај за потреба за обука на вработените во јавниот сектор (споделен прашалник за потреба од обука до мрежата на институции на централно ниво, анализирани клучни стратешки документи на Министерството за финансии и Владата на РСМ и извештаи на ДЗР),
- Преземени активности за подготовка на Годишната програма за обука на вработените во јавниот сектор за 2025 година,
- Преземени активности за Изработка на Годишната програма за работа за секторот Академија за јавни финансии за 2025 година, во која се дефинираат цели, очекувани резултати и индикатори за следење на успешноста,
- Континуирана соработка со странските институции и организации (Министерство за финансии на Холандија и Центарот за извонредност во финансии (ЦЕФ) – Љубљана),
- Изготвен е концептот за како Академијата да прерасне во организација на учење во соработка со Центарот за извонредност во финансии (ЦЕФ) – Љубљана,
- Склучен меморандум за соработка со Американска стопанска комора во Република Северна Македонија,
- Организирани две работилници ТОТ, една за основно ниво и една за напредно ниво со кои се сертифицираа 38 вработени за обука за обучувачи (ТОТ) преку ИПА твининг проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола",
- Обезбедена и опремена просторија за одржување на обука во рамките на Министерството за финансии,
- Обезбедено стручно усовршување и едукација на вработените во секторот,
- Обезбедени соодветни и функционални работни простории за вработените.

## ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ

### Потпрограма: Макроекономска политика

Во рамки на Фискалната стратегија 2025–2029 година, врз основа на анализа на економските движења во светот и земјата, се изготви среднорочното макроекономско сценарио за земјата. Среднорочното макроекономско сценарио ги содржи макроекономските проекции за наредниот среднорочен период, како и претпоставки и ризици за остварување на предвиденото сценарио.

Програмата на економски реформи за периодот 2024–2026 година беше усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија на 16 јануари 2024 година и официјално беше доставена до Европската комисија на 17 јануари 2024 година.

Во периодот 14–15 февруари 2024 година, Генералниот директорат за економија и финансии (ГД ЕКФИН) при ЕК одржа оценска мисија. Во согласност со Хоризонталниот преглед на програмите за економски реформи 2024–2026 година на државите од Западен Балкан и Турција, по претходно спроведени оценски мисии од страна на ЕК, спроведувањето на препораките од Заедничките заклучоци усвоени во мај 2023 година за Република Северна Македонија е оценето како „делумно", со резултат од 55,6%.

Економскиот и финансиски дијалог помеѓу Европската Унија (ЕУ) и Западен Балкан и Турција се одржа на 14 мај 2024 година помеѓу „триото" кое претседава со Советот на ЕУ (Белгија, Унгарија и Полска) и министрите за финансии и гувернерите на централните банки на земјите од Западен Балкан и Турција, каде што се усвоија Заедничките заклучоци со конкретни насоки за политики за циклусот на Програмата на економски реформи 2025–2027 година.

На 4 јули 2024 година, ЕК го објави Водичот за Подготовка на ПЕР 2025–2027, со што официјално започна нов циклус на подготовка на ПЕР. ПЕР содржи макроекономски проекции, план на буџетот за наредни три години и дел за економско влијание на избрани мерки од Реформската агенда, како и преглед на преземени активности во однос на препораките од заедничките заклучоци.

Програмата беше усвоена од Владата на РСМ на 14 јануари, 2025 година и официјално е доставена до Европската Комисија на 15 јануари 2025 година.

Во јули 2024 година, беше изготвен и доставен во владина процедура Полугодишен извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија јануари–јуни 2024 година. Тој беше усвоен на 40-та седница на Владата одржана на 17 декември 2024 година.

**Потпрограма: Развојни проекти**

Во рамки на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во компонентата 1а - Инвестиции во енергетска ефикасност во општините, општините за кои беше подготвена проектна документација се изјаснија со кои под-проекти продолжуваат во следната фаза, при што 11 општини подготвуваат проектни апликации за 23 потпроекти. Од нив апликациите на општините Центар, Могила и Кисела Вода се одобрија и тие потпишаа договори за под-заем и грант со Министерството за финансии, следна фаза е објавување на тендерски постапки за избор на изведувачи. Потпроектот на Општина Лозово е завршен. Кај дополнително поднесените апликации од општините, 33 потпроекти на 12 општини ги исполнуваат условните критериуми и продолжуваат во следната фаза, каде за 31 проект ќе се спроведе сеизмички скрининг со кој ќе се утврди за кои објекти ќе се подготват енергетски ревизии и проектна документација, 2 под-проекти опфаќаат улично осветлување и за нив ќе се подготви физибилити студија во зависност од финансиските средства од компонентата.

Во Компонентата 1б – Инвестиции за енергетска ефикасност на објектите на централната власт завршени се градежни активности во четиринаесет (14) здравствени објекти. Бидејќи расположливите средства од оваа компонента не беа доволни за финансирање на сите здравствени објекти спроведено беше реструктуирање на проектот и се вклучија грант средства од Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) во износ од 2,14 милиони евра за реконструкција на ЈЗУ Здравствен дом Скопје-Поликлиника Идадија и ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација Скопје. Следна фаза е потпишување на договори за грант помеѓу Министерството за финансии и овие здравствени домови. Со реструктуирањето и префрлувањето на средства од компонентите се обезбедуваат и средства за реконструкција на ЈЗУ Здравствен дом Неготино. После потпишувањето на договорите за грант следува изведба на градежните работи на овие објекти.

Во однос на Компонентата 1в - Технички студии за поддршка на инвестициите, се очекува спроведување на постапки за избор на консултанти за сеизмички скрининг, проектна документација, физибилити студии и надзор на градежните работи.

Компонента 3 го обезбедува почетниот капитал за предложениот Фонд за ЕЕ во износ од 5 милиони евра со цел да се овозможи почетно функционирање на Фондот по неговото воспоставување во рамки на Развојната банка на Северна Македонија.

Проектот за градење ефективни, транспарентни и одговорни институции за управување со јавни финансии се финасира со заем од Светската банка во износ од 20 милиони евра, како грант од ЕУ (администриран од страна на Светска банка) во износ од 4,9 милиони евра. Развојна цел на проектот е да се подобри ефикасноста, транспарентноста и одржливоста на јавните расходи и да се зголеми ефективноста на администрацијата за прибирање на приходите во Северна Македонија. Проектот има сеопфатен пристап во зајакнување на расходната и на приходната страна во циклусот на управување со јавните финансии, а притоа ќе ги земе предвид фискалната

одржливост и одржливоста на климатските промени. Конкретно, проектот предвидува: поддршка на реформите за управување со јавните расходи, развој на Интегриран информациски систем за управување со јавните финансии (ИФМИС) и Информациски систем за управување со државна помош (САМИС) и зајакнување на процесите на даночната администрација и на системите во УЈП.

Овие цели ќе бидат поддржани со активности фокусирани на регулаторни и институционални реформи, модернизација на системите и градење капацитети. Со оглед на важноста на управувањето со промените и вклучувањето на засегнатите страни во рамките на реформската агенда, поврзаните активности ќе бидат составен дел од предложениот проект. Компонентите 1 и 2 од Проектот вклучуваат купување стоки (софтвер, хардвер, мрежна опрема) и услуги (консултации, обука); додека Компонентата 3 главно ги вклучува услугите - управување со промени и проектен менаџмент/оперативни трошоци.

Спроведените активности во 2024 година во рамките на секоја од компонентите на Проектот, како и опис на целта на секоја од компонентите се дадени подолу:

- целта на Компонентата 1 е да го поддржи спроведувањето на реформите за управувањето со јавните финансии преку зајакнување на институционалниот капацитет и подобрување на процесите и технолошките платформи во согласност со новиот Закон за буџети, вклучително и воведувањето Интегриран информациски систем за управување со јавните финансии (ИФМИС), Информациски систем за управување со државна помош (САМИС) и други ИТ технички решенија во Северна Македонија.

- Во рамките на првата компонента во текот на 2024 година постапките за набавка по однос на објавен повик за набавка на Консултанти за обезбедување стратешко советување и практична поддршка на работното тело на ИФМИС при набавка, имплементација и распоредување на Интегрираниот информациски систем за финансиско управување, како и повик за Развој на интегриран информациски систем за финансиско управување и унапредување на неговата инфраструктура за информатичка и комуникациска технологија се во тек, потоа договорот за Обезбедување на стартегиско советување и директна поддршка на Работното тело за САМИС при набавка, имплементација и поставување на информатичкиот систем за управување со Државна помош е во фаза на имплементација и подготвени е драфт тендерската документација за набавка на информациски систем за управување со државна помош. Во текот на 2024 година беше беа набавени EViews лиценци за потребите на Сектор за економска политика и развој при Министерството за финансии;

- целта на Компонентата 2 - Зајакнување на практиките за даночно управување и системите во УЈП е да се зајакне оперативната ефективност на работењето на УЈП со фокус на зајакнување на системот за управување со даночната усогласеност и избраните функции за управување.

- Во рамките на втората компонента во текот на 2024 година завршена е набавката на Консултанти за поддршка на Работното тело за ИТИС при изготвување на функционални/технички услови и тендерска документација за набавка на интегриран даночен информатички систем, склучен е договорот и истиот е во фаза на имплемнтација, подготвени се драфт документи – опис на услуги за три активности превидени во рамките на оваа компонента;
- целта на Компонентата 3 - Поддршка за управувањето со промени, координација и управувањето на Проектот е да изгради чувство на сопственост и да ги катализира активностите за реформи преку обезбедување континуирана поддршка при спроведувањето на активностите превидени со компонентите 1 и 2 преку преземање активности фокусирани на управување со промени за ефективно ангажирање на засегнатите страни и управување со реформи врз основа на план за управување со промени. Во рамките на третата компонента во текот на 2024 година склучен е договорот

за набавка на лап топи за членовите на ИФМИС работното тело и истиот е реализиран. Во текот на 2024 година во рамките на оваа компонента е објавен е повик за операционализација на управувањето со промени за да се зајакне вклученоста и комуникацијата на засегнатите страни за кој набавката е во тек, потоа реализирана е набавката за ревизија на проекот, склучен е договор и издаден е ревизорскиот извештај и мислење за проектот за 2023 година и постапката за ангажирање на индивидуални консултанти за позициите: Специјалист за ИТ инфраструктура и Специјалист за кибернетичка безбедност е во тек.

Работното тело за имплементација на **Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии (ИФМИС)** е реструктурирано на 20.09.2024 година.

Во периодот од 03.06.2024–07.06.2024 година претставници на ИФМИС Работното тело учествува на учествуваа на Годишната конференција на Заедница на практичари од трезор (Treasury Community of Practice - TCoP) во Мрежата за учење од колеги за управување со јавните трошоци (Public Expenditure Management Peer-Assisted Learning PEM-PAL) имаа можност да ја претстават новата платформа IFMIS, како и да слушнат искуства од од своите колеги од 17 земји во регионот како да ги подобрат аналитичките и известувачките способности преку примена на современи дигитални алатки. Исто така ја посетија Управата за трезор на Република Србија за да разговараат за најновите подобрувања на нивниот трезорски систем (SPIRI) и употребата на складираните податоци за согледување на деловните трендови.

На 17.09.2024 година, во просториите на Министерството за финансии, со присуство на претставници на Светска Банка, се одржа координативен состанок помеѓу институциите вклучени во имплементцијата на проектот, на кој со клучните засегнати страни се дискутираше за напредокот на проектот како и следните чекори кои ќе се превземат.

**Потпрограмата за Унапредување на фискалната децентрализација**

Имајќи предвид дека во 2024 година не беа создадени услови за понатамошно реализирање на овие активности, на почетокот на 2024 година од претходното раководство во министерството беше одлучено да не се продолжи со понатамошна реализација на планираните активности во оваа потпрограма.

**Потпрограма: Ефективни инструменти согласно Планот за забрзан економски раст**

Имајќи предвид дека во 2024 година не беа создадени услови за понатамошно реализирање на овие активности, на почетокот на 2024 година од претходното раководство во министерството беше одлучено да не се продолжи со понатамошна реализација на планираните активности во оваа потпрограма.

## ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ

**Потпрограма за буџети и фондови**

**Во 2024 година** беа подготвени и донесени следните акти во функција на исполнување на целите и задачите:

- Фискална стратегија на Република Северна Македонија за периодот 2025–2029 година;
- Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на РСМ“ бр. 254/24);
- Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на РСМ“ бр.254/24);
- Изјава за фискална политика;

- Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на РСМ“ бр.250/24);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за класификација на расходите („Службен весник на РСМ“ бр.253/24);
- Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр.169/24);
- Измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на РСМ“ бр.169/24);
- Измени и дополнувања на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на РСМ“ бр.169/24);
- Буџетски циркулар за 2025 година со кој се даваат насоките за изработка на Буџетот за наредната година;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за буџети („Службен весник на РСМ“ бр. 272/24);
- Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РСМ“ бр. 170/24);
- Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2025 година;
- Буџетски циркулар за општините за 2025 година со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година;
- подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за буџети, согласно Законот за буџети, Секторот за буџети и фондови подготви 9 подзаконски акти (обврски од Реформската агенда), истите беа донесени на 30 декември 2024 година и објавени во Службен весник на РСМ бр.277/24 :
- Правилник за формата, содржината, воспоставувањето и начинот на одржување на Регистарот на јавни субјекти
- Правилник за организациската класификација
- Правилник за економска класификација
- Правилник за програмска класификација
- Правилник за функционална класификација
- Правилник за буџетска класификација по извори на финансирање
- Правилник за формата и содржината на Образецот за проценка на среднорочни фискални импликации
- Упатство за начинот на подготовка на макроекономските и фискалните проекции и процесот на координација меѓу организациските единици и институции поврзани со макроекономското и фискалното проектирање
- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог
- Изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
- услови за оспособување на преостанатата Општина Пласница да ги исполни условите за II фаза на децентрализација – Општина Пласница достави известување за исполнување на условите, а Министерството за финансии достави Информација до Владата на РСМ.
- Следење на финансиското работење на единиците на локалната самоуправа и објавување податоци за извршувањето на приходите и расходите
- Следење на условите за исполнување финансиска нестабилност на општините

- Предлог на Закон за измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

**Потпрограма за трезор**

Врз основа на спроведените и реализираните активности, во 2024 година беа изготвени и спроведени:

- Годишен извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година;
- Полугодишен извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2024 година;
- подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за буџети (Упатство за планирање на ликвидноста на Буџетот; Упатство за начинот на управување на ликвидноста на системот на Единствената трезорска сметка; Упатство за начинот за преземање обврски; Упатство за организациски единици за финансиски работи на буџетски корисници);
- активности во насока на исполнување на законските обврски и цели.

**Потпрограма за управување со јавен долг**

Во 2024 година беа подготвени и донесени следните документи:

- Одлука за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2025 година објавена во „Службен весник“ бр.268/2024;
- Одлука за измена на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година објавена во „Службен весник“ бр.182/2024;
- Годишен извештај за јавниот долг за 2023 година;
- Стратегија за управување со јавниот долг за 2025–2027 (со изгледи до 2029 година);

Исто така, беа издадени согласности за задолжување на претпријатија основани од страна на општините, и тоа:

- ЈП Комуналец Кавадарци-Набавки на специјализирани возила (три метларки, авто цистерна и камион со приклучна механизација за мулчирање и зимско одржување)

Воедно, беа издадени и согласности за задолжувања на јавни претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата, обезбедени со државна гаранција, и тоа на:

- Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје за заем од Банка за развој при Советот на Европа во износ од 50.000.000,00 евра наменет за Проект за финансирање на макро, мали и средни претпријатија,
- АД Електрани на Северна Македонија (ЕСМ) за заем од Кредитната банка за обнова (KfW) во износ од 55.000.000,00 евра наменет за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента 2: ФЕ Битола 2 и Компонента 3: Ветерен парк Богданци – фаза 2
- АД Електрани на Северна Македонија (ЕСМ) за заем кај домашни комерцијални банки (Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Халк банка АД Скопје и Уни банка АД Скопје) во износ од 5.000.000.000 денари, наменет за финансиска поддршка за тековното работење на АД Електрани на Северна Македонија.

- ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми„ ПО Скопје, за заем од Комерцијална банка АД Скопјево износ 130.000.000 денари наменет за одржување на тековна ликвидност.

Во насока на реализација на целта за транспарентност и отчетност на јавните финансии, на веб-страницата на Министерство за финансии редовно се објавуваат:

- месечни податоци за состојбата на државниот долг во рамки на Фискалниот бројач, и
- квартални податоци за состојбата на државниот и јавниот долг
- реализирани аукции на државни хартии од вредност
- показатели за државни хартии од вредност
- статистички податоци за јавниот и државниот долг

## ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА

Во **Потпрограмата за политика од областа на акцизите во 2024 година** беа донесени следните законски и подзаконски акти:

- Правилник за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија;
- Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви; и
- Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите (*).

Во **Потпрограмата за даночна политика** продолжи имплементацијата на Стратегијата за реформа во даночниот систем 2021–2025 година и Стратегијата за формализирање на неформална економија во Република Северна Македонија 2023–2027 година со Акцискиот план 2023–2025 година.

- Во текот на 2024 година беше подготвен и донесен новиот Правилник за спроведување на Законот за данок на додадена вредност. Тој беше донесен наместо планираното изменување и дополнување;
- Во насока на усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121 од 10.6.2024 година) беа донесени измени на сите закони од областа на даночната и царинската политика.

Во **Потпрограмата за царинска политика во 2024 година** беа донесени следните законски и подзаконски акти од областа на царинската политика:

- Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија;
- Програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2024 година;
- Правилник за изменување на Правилникот за системот на наградување на царинските службеници;
- Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2025 година.

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

Во текот на 2024 година, во **Програмата за финансиски систем** беа подготвени и усвоени од Владата на РС Македонија закони и измени на законски решенија кои беа во функција на натамошно зајакнување на финансискиот систем и системот на осигурување, и тоа:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за Централниот регистар;
- Закон за именување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија
- Закон за финансиски инструменти;
- Закон за проспект и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност;
- Закон за изменување и дополнување на Закон за хартии од вредност;
- Одлука за дваесет и третата емисија на обврзници за денационализација.

Беа преземени и повеќе активности и изготвени низа документи, меѓу кои:

- мислења по доставени барања за мислења по однос на закони и извештаи за работа и финансиски извештаи и финансиски планови од други институции;
- пет обуки за банкарство и пазар на капитал во соработка со Агенцијата за трансфер на финансиска технологија - АТТФ од Луксембург; и
- информации и анализи од делокругот на надлежностите на Секторот.

Исто така, во текот на 2024 година во континуитет се издаваа дозволи, согласности, решенија, предлог-лиценци во делокругот на Секторот за финансиски систем (небанкарските финансиски институции и игрите на среќа)

Во текот на 2024 година се вршеше континуиран надзор над финансиски друштва и даватели на финансиски лизинг, главно во насока на заштита на граѓаните-корисници на услуги од овие друштва.

Воедно беа донесени и усвоени:

- Правилник за начинот на водење сметководство;
- Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на водење сметководство;
- Правилник за образецот за примени донации на трансакциска сметка за изборна кампања и образецот за вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборна кампања;
- Правилникот за начинот на управување со кредитниот ризик на финансиско друштво;
- Правилникот за начинот на вршењето на надзорот над работењето на финансиските друштва;
- Правилникот за содржина на програмата за работа на финансиското друштво.

## ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА УНИЈА

### Потпрограма: Управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА

Во Потпрограмата за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА во текот на 2024 година беа подготвени повеќе документи и преземени низа активности во функција на понатамошно унапредување на односите со Европската Унија:

- годишни изјави за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за индиректно управување со средствата од ИПА за 2023 година за:
  1. Годишната акциска програма за 2014 година,
  2. Годишната програма за 2017 година,
  3. Повеќегодишната програма МААР од областа на транспортот и животната средина,

4. Годишната акциска програма за 2022 година од областа на животната средина од ИПА III,
5. Програмата ИПАРД 2014–2020 година,
6. Програмата ИПАРД 2021–2027 година.

- годишни финансиски извештаи за средствата од ИПА испратени од НАО до Европската комисија;
- конечени извештаи од спроведени верификациски посети согласно Планот за спроведување верификациски посети за 2024 година;
- квартални извештаи до ЕК за управување со идентификуваните неправилности во програмите на ИПА/ИПАРД;
- доставена на ревизија усогласеноста на барањето за добивање право за индиректно управување со оперативните програми во делот на транспортот и човечкиот капитал од ИПА III;
- доставена пакет документација за процена до Ревизорското тело за ИПА, како дел од процесот на добивање право за индиректно управување со мерката Инвестиции во руралната јавна инфраструктура од програмата ИПАРД III;
- внатрешни постапки за работа на НАО/УС за управување со мерката Инвестиции во руралната јавна инфраструктура од програмата ИПАРД III;
- Акциски план за управување со ризици во рамки на структурата на ИПА;
- Акциски план за управување со ризици во рамки на структурата на ИПАРД;
- изготвена Информација за состојбата на капацитетите во структурите за ИПА, трендот на одлив и/или прилив на човечки капитал во структурите за ИПА/ИПАРД и дефинирање на следните чекори за негово задржување во постојните структури за ИПА/ИПАРД;
- Информација за статусот на имплементација на ИПА II и преглед за процена на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2024 година;
- изготвена Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош - ИПА III.

Во однос на политиката за мотивација и задржување на кадарот во рамки на системот за децентрализирано/индиректно управување со средствата од ИПА беше воспоставено решение кое се имплементира и во текот на 2024 година, со кое на вработените во институциите вклучени во структурата на ИПА им е определен додаток на плата од 15%.

**Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)**

Во Потпрограмата Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) беа спроведени активности во насока на имплементација на средствата од ИПА.

Активностите во врска со апсорпцијата на средствата од ИПА, што ги вклучува склучените договори и исплатата на средствата за склучените договори заклучно со 31.12.2024 година по програма, се следните:

- Во рамките на Повеќегодишната акциска програма за транспорт, животна средина и климатски промени беа ставени на располагање 225,87 милиони евра средства од ИПА. Со автоматското губење на алокациите од ИПА, на располагање се останати 146,85 милиони евра. Во рамките на оваа програма беа потпишани договори во вкупен износ од 102,08 милиони евра, од кои 74,72 милиона евра средства од ИПА средства. До крајот на 2024 година беа исплатени вкупно 61,40 милиони евра, од кои 51,39 милиони евра средства од ИПА или 35% од расположливите средства за оваа програма;

- Во рамките на Годишната програма за 2017 година, на Република Северна Македонија ѝ беа ставени на располагање средства од ИПА во износ од 12,65 милиони евра. Досега се склучени 10 (десет) договори во вкупен износ од 12,26 милиона евра од кои 11,67 милиони евра се средства од ИПА или 92,31% од расположливите средства од ИПА за оваа програма. До крајот на 2024 година беа исплатени 9,86 милиони евра, од кои 9,33 милиони евра средства од ИПА или 73,75% од расположливите средства за оваа програма;
- Имплементацијата на Годишната програма за 2017 година заврши на 2.11.2024 година;
- Во текот на 2024 година беше ревидиран усвоениот и потпишан Прирачник за внатрешни постапки за работа на ЦФСД за програмата ИПА III со цел спроведување на оваа програма;
- Воедно, беше подготвена Анализа на научени лекции за 2024 година, а потоа беше доставена до инволвираните страни на 19.03.2025 година;
- Во рамки на тековните програми, договорите се склучуваа согласно усвоените планови за јавни набавки, а исплатите се извршуваа согласно Планот за исплати.

**Потпрограма: Исполнување на обврските од евроинтеграцискиот процес**

Во рамките на оваа потпрограма во 2024 година беа реализирани следните активности од страна на Секторот за меѓународни финансиски односи и тоа:

- претседавање со Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика, којшто се одржа на 17.10.2024 година во Скопје;
- координација на Економскиот и финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи, кој финализираше со министерски состанок на 14.5.2024 година во Брисел.

Воедно, во 2024 година беа подготвени, а потоа и усвоени од страна Владата, следните документи:

- Годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2023 година за Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии за периодот јануари–декември 2023 година;
- Одлука за формирање на Совет за управување со јавни финансии;
- Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.

Сите документи се објавени на веб-страницата на Министерството за финансии.

Во 2024 година беа подготвени Придонес кон извештај на ЕК за напредокот на РСМ за периодот октомври 2023–март 2024 година, Придонес кон извештај на ЕК за напредокот на РСМ за периодот мај–август 2024 година и и Придонес кон ИПА Годишниот извештај за 2024 година.

**Потпрограма: Меѓународни финансиски односи**

Секторот за меѓународни финансиски односи во текот на 2024 година ги подготви следните закони, кои беа усвоени од страна на Владата и Собранието:

- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели;
- Закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското

друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост;

- Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе биде склучен помеѓу Акционерското друштво за вршење енергетска дејност пренос на прироред гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој;
- Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на социјалните услуги;
- Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги;
- Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор;
- Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за администрирање на социјалното осигурување;
- Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Рамковниот договор за заем кој ќе биде склучен помеѓу Банката за развој при Советот на Европа и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за програмски заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за креирање работни места во микро, мали и средни претпријатија во Северна Македонија;
- Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе биде склучен помеѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка, приватно друштво со ограничена одговорност, по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели.

Исто така, во 2024 година беа подготвени, а последователно и усвоени од страна на Владата следните одлуки:

- Одлука за зголемување на квотата на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд ;
- Одлука за именување на гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите;
- Одлука за именување на гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој; и
- Одлука за зголемување на капиталот на Европската банка за обнова и развој со запишување на дополнителни акции од страна на Република Северна Македонија.

Секторот за меѓунардни финансиски односи спроведе и актвиности за подготовка, координација, следење и известување на Владата за:

- статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови;
- усогласување и склучувањето на Амандман бр.6 на Договорот за партнерство за развој меѓу Р. Северна Македонија и САД;
- потреба од назначување на агент за процесни услуги на ЈП за државни патишта како заемопримач и Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии како гарантор, во обезбедувањето на заем од Експорт – импорт банката на Кина за дополнително финансирање на „Проект за изградба на автопат – делница Кичево–Охрид“;
- иницијатива за обезбедување на втор заем од Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност, за буџетско финансирање и финансирање на општи цели;
- заем за проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“;
- потреба од примена на посебни правила за јавни набавки при проекти финансирани од Светска банка;
- усогласување и склучување на Меморандум за разбирање за економска соработка помеѓу Владата на Унгарија и Владата на Република Северна Македонија; и
- усогласување и склучување на Договор за обештетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици.

**Потпрограма: Управување со јавни инвестиции**

Во текот на 2024 година, во оваа потпрограма беа реализирани следните активности:

- зајакнување на капацитетите на Секторот за управување со јавни инвестиции - заклучно со декември 2024 година, бројот на вработени изнесува шест (6) извршители;
- Подготвена е нова Предлог Уредба за управување со јавни инвестиции, како подзаконски акт кој произлегува од новиот Закон за буџети (член 20), со цел да се воспостави структуриран и сеопфатен пристап во одлучувањето за предложените проекти за јавни инвестиции;
- подготовка на Прирачник за процесите за управување со јавни инвестиции;
- изготвување на Водич за подготовка на физибилити студии со кој се даваат детални препораки за содржината на физибилити студијата за јавни инфраструктурни проекти;
- организирана е обука на службеници од релевантни јавни институции за основите на управувањето со јавните инвестиции;
- адаптација на ПИМИС базиран на Excel, за потребите на Министерство за финансии.

## ПРОГРАМА ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

**Потпрограма за јавна внатрешната финансиска контрола**

Во текот на 2024 година беа реализирани следните активности:

- изготвен Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година и истиот е разгледан и усвоен од страна на Владата на Република С. Македонија;

- спроведена проверка на квалитет на работењето на единиците за внатрешна ревизија во Агенцијата за катастар на недвижности, Општина Велес и во Министерството за финансии;
- спроведена проверка на квалитет на финансиското управување и контрола во Агенцијата за катастар на недвижности, Општина Велес и во Министерството за финансии;
- извршена анализа на документи доставени од страна на единиците за финансиски прашања од институциите на централно и локално ниво;
- извршена анализа на документи доставени од страна на единиците за внатрешна ревизија од институциите на централно и локално ниво;
- организирани работилници наменети за вработените во ЕФП, координаторите за управување со ризици, вработените вклучени во стратешкото планирање, внатрешните ревизори на институциите на централно и локално ниво, како и за високото раководство на субјектите од јавниот сектор;
- изготвени 34 мислења во врска со конечните извештаи од Државниот завод за ревизија и доставени до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ;
- координација на сите активности и подготовка на потребните документи во врска со Поглавјето 32 по барање на СЕП и ЕК;
- подготовка на сите потребни документи во врска со Поглавјето 22 по барање на СЕП и ЕК;
- во текот на 2024 година во Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор беа спроведени дополнителни работни активности кои не беа опфатени (предвидени) со планските документи за работа на МФ а се однесуваат на следните области:
    - ажурирање на Предлог-законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, во согласност со новите меѓународни стандарди за внатрешна ревизија и Законот за буџети, како и дополнителни технички корекции;
    - подготовка на целокупната потребна документација за Реформската агенда за Планот за раст во делот на реформската активност за Јавна внатрешна финансиска контрола;
    - оценска мисија на СИГМА (во врска со Принципот 26 - Внатрешна контрола и Принципот 27 – Внатрешна ревизија);
    - одржување обуки преку Академијата за јавни финансии;
    - анализа на ревизорските извештаи кои Генералниот секретаријат на Владата на РСМ ги доставува во МФ а во врска со спроведените вонредни ревизии за утврдување на наменското трошење на финансиските средства на Буџетот;
    - мисија на Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН);
    - работна група за РЈА.

**Потпрограма за финансиска инспекција во јавниот сектор**

Во текот на 2024 година беа реализирани следните активности:

- одржани се четири обуки, согласно Планот за обука 2023–2025 година на телата на ИПА и соодветните национални органи што учествуваат во заштитата од измама на фондовите на ЕУ, две обуки за финансиските инспектори и две пилот-инспекции;
- одобрена е внатрешна процедура за работа на Одделението за координација на борба против измами на ЕУ средствата (АФКОС);
- извршени се измени и дополнувања на Упатството за процена на ризик од измама за усогласување со Рамковниот договор за ИПА III и Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија;

- Владата на РСМ го усвои Акцискиот план 2024–2025 година за имплементација на Националната стратегија за борба против измами 2022–2025 година;
- направени се измени во Деловникот за работа на АФКОС мрежата;
- одржан е состанок на АФКОС мрежата;
- реализирани се експертска мисија, работилница и студиска посета за пренесување на стекнатото знаење и искуство од Република Хрватска, во врска со користењето на системот за неправилности/сомнежи од измама преку модулот за Електронско управување со неправилности (ИМС) администриран од страна на Европската комисија - ОЛАФ преку ТАИЕКС Брисел;
- присуствуво на редовните квартални состаноци за неправилности за ИПА I, ИПА II, ИПА III, ИПАРД I, ИПАРД II и ИПАРД III;
- Владата го разгледа Извештајот за имплементација на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ за периодот 2022–2025 година и Акцискиот план за 2023 година;
- доставени се редовни квартални извештаи до Делегацијата на Европската Унија во Скопје;
- доставен е прогрес во Поглавјето 32 - Финансиска контрола, како придонес кон Извештајот на ЕК, како и во работата на работната група за Поглавјето 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти;
- активно учество во подготовка на Информацијата за Реформската агенда на Република Северна Македонија 2024–2027 година во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан;
- континуирана поддршка на инспекторите од ОЛАФ во врска со случаите за пријавени неправилности поврзани со средствата од ИПА, а во 2024 година беше дадена поддршка во три случаи;
- Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2023 година;
- согласно новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) беа подготовени и донесени 10 подзаконски и интерни акти што произлегуваат од него;
- во тек е подготовка на Упатство за начинот на следење, мерење и процена на ефективноста на финансиската инспекција во јавниот сектор, а подготвена е и нацрт Процедура за вршење финансиска инспекција, којашто е доставена на одобрување до тимот за квалитет во Министерството за финансии;
- континуирано спроведување финансиски инспекции;
- подготовка на документацијата за новиот Твининг лајт проект „Понатамошно зајакнување на капацитетите за практично спроведување финансиска инспекција и координација на заштитата на финансиските интереси на ЕУ“ одобрен од Делегацијата на Европската Унија во РСМ.

## ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА

Потпрограма за управна постапка и нормативно имотноправни и облигациони работи

- Во рамките на оваа потпрограма континуирано се преземаа активности за решавање на предметите за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост;
- Во подрачните одделенија се спроведуваа постапки за експропријација за реализација на проектот за изградба на Коридорот 8 (делница Тетово–Гостивар–Букојчани и автопатот Требеништа–Струга–Ќафасан) и на Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп–Битола), како и други постапки за експропријација заради реализација на друг јавен интерес утврден со закон;

- Тековно се изготвуваа мислења во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, а се даваа и одговори по поднесени претставки и предлози во согласност со Законот за постапување по претставки и предлози. Исто така, се управуваше со системот за електронско јавно наддавање, воспоставен во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост;
- Беа донесени одлуки за давање на користење недвижни ствари на Министерството за финансии за потребите на подрачните одделенија на Управата за имотноправни работи во Делчево, Охрид и Штип;
- Во 2024 година беа изготвени и предлог-одлуки за давање на користење недвижни ствари на Министерството за финансии за потребите на подрачните одделенија на Управата за имотноправни работи (Гостивар, Тетово, Кочани, Крушево, Македонски Брод, Кавадарци, Дебар и Гази Баба);
- Во текот на 2024 година беше донесен и Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

**Потпрограма за наплата на побарувања од должниците**

Во рамките на оваа потпрограма континуирано се вршеше наплата на побарувањата и продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки по изготвени процени од страна на Бирото за процена и донесени одлуки за продажба од страна на Владата на Република Северна Македонија. Паралелно, во текот на 2024 година се изготвуваа завршни сметки, се постапуваше по одлуки на Управниот суд и на Вишиот управен суд во согласност со Законот за управни спорови (донесување управни акти), се постапуваше по жалби изјавени против решенија за присилна наплата на судски такси (донесување управни акти), се поднесуваа опомени и известувања до должници, се вршеше следење на почитувањето на одредбите од договорите и придржување до отплатата на утврдените ануитети од страна на должниците, се обезбедуваше комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата, се активираа инструментите за задршка на средства за поврат на ДДВ и задршка на дотации до Секторот за трезор/се поднесуваа барања за поведување судска постапка за наплата на побарувања.

## 1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА

Растот на домашната економска активност во третиот квартал од 2025 година дополнително забрза, забележувајќи реален раст од 3,8% на годишна основа, по растот од 2,9% во првиот и 3,5% во вториот квартал, со што економскиот раст во првите девет месеци од 2025 година изнесува 3,4%. Позитивните движења на економската активност продолжија и покрај неизвесностите предизвикани од надворешни фактори.

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност се должи на зголемената домашна побарувачка, во услови на зголемени бруто-инвестиции и умерен раст на потрошувачката, додека нето-извозот имаше негативен придонес кон растот. Бруто-инвестициите во третиот квартал од 2025 година оствари ја раст од 30,6% на годишна основа. Финалната потрошувачка регистрираше раст од 1,8%, при што личната потрошувачка забележа умерен раст од 0,9%, а јавната потрошувачка се зголеми за 5,7%. Извозот на стоки и услуги во третиот квартал од 2025 година порасна за 3,4% на реална основа, додека увозот се зголеми за 9,9%. Кумулативните остварувања во текот на првите три квартали од годината укажуваат на стабилизирање и постепено подобрување на надворешнотрговската активност, по неповолните движења во 2024 година.

Остварениот БДП во првите три квартали од 2025 година е во согласност со проектираниот раст за 2025 година од 3,5%.

Исто така, Министерството за финансии во рамките на своите надлежности реализира мерки и активности во функција на ублажување на ефектите од воениот конфликт во Украина, ценовната и енергетската криза врз економијата со цел задржување на макроекономската стабилност.

Поаѓајќи од законски утврдените надлежности и организационата поставеност на Министерството, беа подготвени повеќе закони и подзаконски акти во функција на реализација на поставените цели и надлежности на Министерството.

Во понатамошниот текст се елаборирани постигнатите цели на Министерството за финансии по програми за горенаведениот период, и тоа:

## ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

**Во Потпрограмата за правни работи беа преземени следните активности:**

- донесување на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година во предвидениот законски рок;
- изготвување на Извештај за реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година;
- собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата на секторите, односно организациските единици во Министерството за финансии за потребите од набавка на стоки, услуги и работи;
- спроведување постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавните набавки предвидени во Годишниот план за јавни набавки за 2025 година;
- изготвување договори за јавни набавки во согласност со донесените одлуки за избор на најповолен понудувач;
- спроведување набавки под вредносни прагови во согласност со Законот за јавните набавки;
- поднесување одговори по жалби до ДКЖЈН;
- давање одговори на барањата за информации од јавен карактер за кои имател на информации е Министерството за финансии;
- Зајакнување на институционалната култура на почитување на приватноста и на личните податоци на граѓаните кои на било кој начин општат и кореспондираат со Министерството за финансии, а вклучително и на вработените лица во министерството;
- давање мислења по доставени барања на мислења по закони, подзаконски акти и други прописи кои се во надлежност на Министерството, а кои ги изработуваат организациските единици во Министерството;
- давање мислења по закони, подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа;
- давање мислења по поднесени иницијативи за изменување и дополнување на законските и подзаконските акти во надлежност на Министерството доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа;
- одговори на тужби, жалби и други правни лекови до Државното правобранителство на РСМ, во кои постапки како тужена страна се јавува Министерството за финансии;
- поднесување иницијативи до Државното правобранителство на РСМ за поведување постапки пред надлежен суд;
- донесување Измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Министерството за финансии;
- изготвување порачки/нарачки, давање согласности и одобренија во согласност со договорите за јавни набавки;
- навремено објавување на известувања за реализиран договор на ЕСЈН;

- континуирано следење на реализацијата на договорите склучени во согласност со ГПЈН и договорите по исклучок од ЗЈН, како и на договорите склучени преку СОЗР;
- спроведување на набавки кои се исклучоци од Законот за јавните набавки;
- изготвување на Извештај за реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година;
- Барање до организационите единици за искажување на потребите на стоки/услуги работи, доставување на податоци и обработка на податоци, со цел подготовка и донесување на Годишен план за јавни набавки за 2026 годин;
- Подготовка на Процедура за спроведување на постапки за јавни набавки;
- Со оглед на тоа донесен е нов акт за Правилник за систематизација на работни места со што Одделението за реализација од Секторот за општи работи преминува во Сектор за правни работи, по овој период следните активности се презема во Секторот за правни работи:
- изготвување инструкции за сервисирање, технички преглед, регистрација и осигурување на службените возила, набавка на канцелариска хартија, канцелариски потрошен материјали други инструкции во согласност со склучените договори за јавни набавки;
- изготвување порачки/нарачки согласно со Договорите, давање согласности и одобренија во согласност со договорите за јавни набавки;
- навремено објавување на известувања за реализиран договор на ЕСЈН;
- континуирано следење на реализацијата на договорите и рамковните спогодби склучени во согласност со ГПЈН за 2024 година, договорите по исклучок од ЗЈН, како и на договорите и анекси склучени преку СОЗР;
- континуирано следење на реализацијата на договорите и рамковните спогодби склучени во согласност со ГПЈН за 2025 година, договорите по исклучок од ЗЈН, како и на договорите и анекси склучени преку СОЗР;
- Преземање на активности согласно со одредбите од Договорите со цел соодветна и законска реализација на истите;
- Раскинување на Договорот за одржување на лифтови и наплата на банкарска гаранција согласно со Договорот.

**Во Потпрограмата за општи работи беа преземени следните активности:**

- изготвување инструкции за сервисирање, технички преглед, регистрација и осигурување на службените возила, набавка на канцелариска хартија, канцелариски потрошен материјал, информатичка опрема и други инструкции во согласност со склучените договори за јавни набавки;
- изготвување решенија за право на користење мобилен телефон за службени потреби и за ограничување на износот на сметката;
- правење порачки, давање согласности и одобренија во согласност со договорите за јавни набавки;
- изготвување упатници за користење апартмани во објектите за одмор;
- одржување на опремата и инвентарот во зградата на Министерството;
- одржување на имотот на Министерството за финансии (движен и недвижен имот);
- континуирано преведување од македонски на англиски јазик и обратно и од македонски на албански јазик и обратно на законските и подзаконските акти и на други пишани материјали што произлегуваат од делокругот на работата на Министерството за финансии;
- континуирано следење на реализацијата на договорите склучени во согласност со ГПЈН и договорите по исклучок од ЗЈН, како и на договорите склучени преку СОЗР.

**Во Потпрограмата за управување со човечки ресурси беа преземени следните активности:**

- спроведени се јавни огласи за вработување, согласно Планот за вработување за 2025 година;
- спроведени се огласи на определено време;
- спроведени се огласи за унапредување;
- спроведени се постапки за мобилност;
- се подготви и донесе Годишен план за вработување за 2026 година;
- изготвени се полугодишни извештаи за реализација на Годишниот план за вработување за 2025 година и Годишниот план за генерички обуки за 2025 година;
- изготвен е годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници;
- спроведување на постапката за оценување на ефектот на административните службеници;
- спроведување на активности и носење на акти поврзани со остварување на правата од работен однос;
- грижа за високо ниво на мотивација и етика и следење на примената на етичкиот кодекс на административните службеници;
- следење и унапредување на дисциплината на административните службеници;
- водење на постапките за дисциплинска одговорност;
- се изготвија и донесоа нови акти за организација и систематизација на работните места во министерството;
- се донесоа акти за распоредување на вработените согласно новиот Правилник за систематизација на работните места во Министерството за финансии.

**Во Потпрограмата за финансиски прашања беа преземени следните активности:**

- Изработка и усогласување на Завршните сметки за 2024 година со кои управува Секторот за финансиски прашања во согласност со сметководствените прописи и законската регулатива, како и нивно навремено доставување до Централен Регистар на РСМ и Државниот завод за ревизија согласно законски предвидените рокови;
- Редовно сервисирање на финансиските обврски на Министерството за финансии, вклучително навремена исплата и финансиска поддршка на програмите „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“;
- Подготовка на Годишниот финансиски извештај за 2024 согласно Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор;
- Подготовка и поднесување на Основното сценарио за приходи и расходи и Предлог-буџетско барање на Министерството за финансии за 2026 година до Сектор за буџети и фондови, распределени по сметки, програми и ставки согласно стратешките приоритети.

**Во Потпрограмата за внатрешна ревизија** беа изготвени:

- годишни извештаи за 2024 година за работата на Секторот во состав на Министерството за финансии, како и извештаи за работата на Секторот во Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење внатрешна ревизија;

- извештаи за извршените ревизии во согласност со годишните планови за внатрешна ревизија за 2025 година на Министерството за финансии и Советот за унапредување и надзор на ревизијата;
- Стратегија за внатрешна ревизија со Стратешки план за периодот 2026–2028 година и Годишен план за внатрешна ревизија за 2026 година.

**Во Потпрограмата за ИТ технологија и дигитализација** беа преземени следните активности:

- континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИТ во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на други субјекти;
- професионално унапредување на вработените во секторот за ИТ;
- континуиран развој, одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија;
- имплементација на современ Интегриран информациски систем за управување со јавните финансии;
- управување со привилигиран пристап (PAM);
- превенција на загуба на податоци (DLP) со класификација на чувствителни документи;
- услуга за управување со Компјутерска безбедност, со што дополнително ќе се проверува безбедноста на системот за ИТ;
- изготвување веб-апликација за изработка на Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор;
- целосна надградба и редизајнирање на МИС на ЦФСД и МИС на УИПР;
- редизајнирање на мрежата на МФ;
- надградба и промена на активната мрежа на WIFI и покривање на подрачните единици со WIFI;
- планирање, развој и имплементирање на ИФМИС.

**Во Потпрограмата за стратешко планирање** беа изготвени следните документи:

- Годишен план за работа на Министерството за финансии за 2025 година којшто е објавен на веб-страницата на Министерството за финансии;
- Стратешки план на Министерството за финансии за периодот 2025–2027 година, исто така, објавен на веб-страницата на Министерство за финансии;
- Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Министерство за финансии за 2024 година;
- Законодавна агенда на Владата за периодот 1.1.2025–30.6.2025 година;
- Месечни извештаи за проекти од Министерство за финансии во Програмата за работа на Влада на Република Северна Македонија 2024–2028 година;
- Законодавна агенда за закони од Министерството за финансии коишто се во собраниска процедура;
- следење и известување за спроведувањето на Годишниот план за работа на Министерството за финансии за 2025 година (периодични извештаи).

  До крајот на 2025 година, се работеше и на:
- предлози од Министерството за финансии за стратешките приоритети и цели за Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за утврдување на стратешките приоритети за 2026 година;
- подготовка на предлог-иницијативи од Министерството за финансии за Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година;

- Извештај за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2024 година;
- подготовка на Нацрт–стратешки план на Министерството за финансии за 2026–2028 година;
- подготовка на Нацрт-годишен план за работа на Министерството за финансии за 2026 година;
- Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Министерство за финансии за 2025 година.

**Во Потпрограма Академија за јавни финансии** беа преземени следните активности:

- Донесена Годишна програма за обука на вработените во јавниот сектор за 2025 година;
- Донесена Годишна програма за работа на секторот Академија за јавни финансии за 2025 година со прилог Акциски план;
- Изготвен Годишен извештај за реализација на Годишната програма за обука за административни службеници за 2024 година;
- Организирани вкупно 14 обуки согласно со Годишната програма за обука на вработените во јавниот сектор за 2025 година и 22 ад хок обуки на кои учествуваа 799 учесници;
- Изготвени 22 извештаи за мерење на ефектот на реализираните обуки;
- Ажурирана и проширена на мрежа на контакти со претставници од единиците на локалната самоуправа;
- Спроведена анализа за потреба од обука од областа на јавните финансии за 2026 година (споделен прашалник за потреба од обука до мрежата на институции на централно и локално ниво, анализирани клучни стратешки документи на Министерството за финансии и Владата на РСМ и извештаи на ДЗР);
- Утврдени и подготвени интерни процедури со цел регулирање на процесите во рамките на секторот и усогласување со барањата на ИСО стандардот 9001/2015;
- Обезбедено стручно усовршување и едукација на вработените во секторот;
- Склучени Меморандуми за соработка со Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Министерството за јавна администрација и „Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“;
- Имплементација на активности согласно со ЕУ проектот „Поддршка на имплементацијата на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии“ изготвени сет на документи како Комуникациската стратегија и Стратегијата за мониторинг и евалуација;
- Развиени 9 наставни програми за обука согласно насоките предвидени во Прирачник за изготвување курикулум за обука;
- Објавени 10 соопштенија за спроведени обуки од страна на Секторот Академија за јавни финансии на веб страната на Министерство за финансии;
- Реализирана обука за обучувачи (одржливи финансии) за вработените во Академијата за јавни финансии.

## ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ

### Потпрограма: Макроекономска политика

Во рамки на Фискалната стратегија и Ревидираната ФС 2026–2030 година, врз основа на економските движења во светот и земјата, се изготви среднорочното макроекономско сценарио за земјата. Среднорочното макроекономско сценарио ги содржи макроекономските проекции за

наредниот среднорочен период, како и претпоставки и ризици за остварување на предвиденото сценарио.

Програмата на економски реформи 2025–2027 година е усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија на 14 јануари 2025 година, и официјално е доставена до Европската Комисија на 15 јануари 2025 година.

На 14 јануари 2025 година се одржа редовната годишна оценска мисија на ПЕР 2025–2027 год. од страна на Европската централна банка. На 6 февруари 2025 година се одржа оценска мисија од страна на Генералниот директорат за економија и финансии (ГД ЕКФИН) при ЕК. Во согласност со Хоризонталниот преглед на програмите за економски реформи 2025–2027 година на државите-регионални партнери, по претходно спроведените оценски мисии од страна на ЕК, спроведувањето на препораките од Заедничките заклучоци усвоени во мај 2024 година за Република Северна Македонија е оценето како „ограничена имплементација“, со резултат од 36,1%.

Економско-финансискиот дијалог помеѓу Европската унија (ЕУ) и Регионалните партнери (земјите од Западен Балкан, Турција, Молдавија и Украина) се одржа на 13 мај 2025 година меѓу „триото“ кое претседава со Советот на ЕУ (Полска, Данска и Кипар) и министрите за финансии и гувернерите на централните банки на земјите-Регионални партнери, каде се усвоија Заедничките заклучоци со конкретни насоки за политики во делот на макро-фискална и монетарна политика за циклусот на Програмата на економски реформи 2026–2028 година.

Во текот на октомври и ноември 2025 година, се работеше на избор на реформи од Реформската агенда за проценка на нивното економско влијание, а врз основа на мерливоста на реформите и расположивоста на податоци кај надлежните институции за спроведување на реформите. Во ноември и декември 2025 година, надлежните институции вклучени во процесот доставија до МФ детални известувања за реализацијата на активностите за исполнување на препораките од заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со Европската Унија од 13 мај 2025 година.

Програмата на економски реформи 2026–2028 година е усвоена на 141-та седница на Владата одржана на 13 јануари 2026 година, и официјално е доставена до Европската Комисија на 15 јануари 2026 година.

Во јули 2025 година, беше изготвен и доставен во владина процедура Полугодишен извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија јануари–јуни 2025 година. Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година е усвоен на 97-та седница на Владата, одржана на 29.7.2025 година.

Министерството за финансии претседаваше со 22-риот состанок на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика, којшто се одржа на 07.10.2025 година преку видео-конференциска врска со ЕК, на кој состанок учество земаа надлежните сектори во МФ и институции.

**Потпрограмата: Развојни проекти**

Во рамки на **Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор** во компонентата 1а - Инвестиции во енергетска ефикасност во општините, општините за кои беше подготвена проектна документација се изјаснија со кои под-проекти продолжуваат во следната фаза, при што 11 општини се изјаснија дека ќе продолжат со 23 потпроекти. Од нив општините Центар, Могила, Кисела Вода, Валандово и Пехчево потпишаа договори за под-заем и грант со Министерството за финансии, а првите три објавија и постапки за избор на изведувачи. Потпроектот на Општина Лозово е завршен. Кај дополнително поднесените апликации од општините, 27 потпроекти на 11 општини продолжија во следната фаза и за 25 објекти ќе се спроведе сеизмички скрининг за да се утврди за кои објекти ќе се подготват енергетски ревизии и проектна документација. 2 под-проекти опфаќаат улично осветлување и за нив ќе се подготват физибилити студии во зависност од финансиските средства од оваа компонента.

Во Компонентата 1б – Инвестиции за енергетска ефикасност на објектите на централната власт петнаесет (15) здравствени објекти се реконструирани со мерки за подобрување на енергетската ефикасност. Бидејќи средствата од оваа компонента не беа доволни за финансирање на сите здравствени објекти спроведено беше реструктуирање на Проектот со кое се вклучија грант средства од Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) во износ од 2,14 милиони евра за реновирање на ЈЗУ Здравствен дом Скопје-Поликлиника Идадија и ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација, Скопје. Со реструктуирањето и префрлувањето на средства меѓу проектните компоненти се обезбедија средства и за ЈЗУ Здравствен дом Неготино. Потпишани се договори за грант помеѓу Министерството за финансии и ЈЗУ Здравствен дом Скопје-Поликлиника Идадија и ЈЗУ Здравствен дом Неготино, а за првиот објект се објави и тендерска постапка.

Во Компонентата 1в - Технички студии за поддршка на инвестициите започна постапка за избор на консултанти за сеизмички скрининг на општинските објекти.

Компонента 3 го обезбедува почетниот капитал за предложениот Фонд за ЕЕ во износ од 5 милиони евра со цел да се овозможи почетно функционирање на Фондот по неговото воспоставување во рамки на Развојната банка на Северна Македонија.

Во рамките на секоја од компонентите **на Проектот за градење ефективни, транспарентни и одговорни институции за управување со јавни финансии** реализираните активностите во 2025 година се дадени подолу:

Во рамките на првата компонента, во врска со постапките за набавка по однос на објавен повик за набавка на консултанти за обезбедување стратешко советување и практична поддршка на работното тело на ИФМИС при набавка, имплементација и распоредување на интегрираниот информациски систем за управување со јавните финансии, како и повик за Развој на интегриран информациски систем за управување со јавните финансии и унапредување на неговата инфраструктура за информатичка и комуникациска технологија валидноста на понудите истече. Времетраењето на договорот за Обезбедување стратегиско советување и директна поддршка на Работното тело за САМИС при набавка, имплементација и поставување на информатичкиот систем за управување со Државна помош истече при што планираните активности чија реализација не беше поврзана со други проектни активности се реализираа.

Во рамките на втората компонента, во текот на 2025 година заврши имплементацијата на договорот за консултанти за поддршка на Работното тело за ИТИС при изготвување функционални/технички услови и тендерска документација за набавка на интегриран даночен информатички систем. Функционални/технички услови и тендерска документација за складиште на податоци и деловна интелигенција, модерницазија на услугите на даночните обврзници и за комбиниран контакт центар/биро за поддршка на корисници на УЈП, како и финалниот извештај се доставени од страна на консултантите.

Во рамките на третата компонента, во текот на 2025 година постапката за набавка за операционализација на управувањето со промени за да се зајакне вклученоста и комуникацијата на засегнатите страни е во тек. Издаден е ревизорскиот извештај и мислењето за Проектот за 2024 година, а постапката за ангажирање индивидуални консултанти за позициите: специјалист за ИТ инфраструктура и специјалист за кибернетичка безбедност е во тек.

На 09.04.2025 година, во просториите на Министерството за финансии, со присуство на претставници од Светската банка се одржа координативен состанок помеѓу институциите вклучени во имплементацијата на Проектот, на кој со клучните засегнати страни се дискутираше за напредокот на Проектот, како и за следните чекори што ќе бидат преземени.

На пролетните состаноци во Вашингтон оставарена е средба меѓу раководството на МФ и Светска банка.

Тимот на Светска, во периодот од 9 до 13 јуни 2025 година, спроведе мисија за поддршка на имплементацијата на проектот. Главната цел на мисијата беше продолжување на дијалогот започнат за време на пролетните состаноци на Светска банка и разговарање за имплементацијата на проектот и модалитетите за продолжување на поддршката за реформата на управувањето со јавните финансии (УЈФ), особено преку користење на инструментот Програма за резултати.

Тимот на Светска Банка, реализираше мисија и во текот на месец јули 2025 година со главен фокус објаснување на финансискиот инструмент Програма за резултати.

Во месец септември Владата на 111-тата седница одржана на 16 септември 2025 година ја разгледа и усвои информацијата за статусот на проектот за градење ефективни, транспарентни и одговорни институции за управување со јавни финансии и го задолжи Министерството за финансии да продолжи со активности околу градење ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавни финансии, во соработка со Светска Банка преку испитување на можноста за употреба на нов инструмент за имплентација. Тимот на Светска банка реализираше мисија во втората половина на октомври 2025 година со цел олеснета транзиција од проектот за градење ефективни, транспарентни и одговорни институции за управување со јавни финансии кон новиот финансиски инструмент за проектот подобрување на јавните трошења, одговорноста и даночната администрација. Следствено, главен фокус на мисијата беше утврдување временска рамка за затворање на проектот за градење ефективни, транспарентни и одговорни институции за управување со јавни финансии и подготовка за новиот инстумент Програма за резултати (ПзР) за проектот унапредување на јавните трошења, одговорноста и даночната администрација. Во периодот од 24 ноември до 5 декември 2025 година тимот на Светска Банка реализираше уште една мисија со цел продолжување на дискусијата за новиот финансики инструмент Програма за резултати (ПзР), пред се во делот на развивање на индикаторите за повлекување средства и консултации во делот на техничка, фидуцијарна и социјална процена.

## ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ

**Во Потпрограмата за буџети и фондови** беа подготвени и донесени акти во функција на исполнување на целите и задачите:

- Фискална стратегија на Република Северна Македонија за среднорочниот период 2026–2030 година;
- Ревидирана Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2026–2030 година;
- Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр.253/2025);
- Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на РСМ“ бр.253/2025);
- Изменување и дополнување на на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на РСМ“ бр.151/2025);
- Предлог Завршна сметка на Буџетот и буџетите на ЕЛС за претходната година година („Службен весник на РСМ“ бр.151/2025);
- Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите за 2025 година година („Службен весник на РСМ“ бр.126/25);
- Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите за 2025 година година („Службен весник на РСМ“ бр.246/25);

- Буџетски циркулар за 2026 година со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на буџетските корисници;
- Измена на Законот за буџети („Службен весник на РСМ“ бр.258/25);
- Измена и дополнување на Законот за буџетите („Службен весник на РСМ“ бр.3/25);
- Правилник за формата и содржината на образецот Ф1 („Службен весник на РСМ“ бр.270/25);
- Правилник за формата и содржината на родово-одговорната буџетска изјава („Службен весник на РСМ“ бр.22/25);
- Правилник за изменување на Правилникот за Организациската класификација („Службен весник на РСМ“ бр.270/2025);
- Правилник за изменување на Правилникот за буџетска класификација по извори на финансирање („Службен весник на РСМ“ бр.270/2025);
- Правилник за изменување на Правилникот за програмска класификација („Службен весник на РСМ“ бр.270/2025);
- Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на РСМ“ бр.270/2025);
- Правилник за изменување на Правилникот за економска класификација („Службен весник на РСМ“ бр.270/2025);
- Правилник за изменување на Правилникот за функционална класификација („Службен весник на РСМ“ бр.270/2025);
- Закон за изменување на Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на РСМ“ бр. 03/25);
- Закон за изменување и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РСМ“ бр.37/25);
- Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2026 година;
- Следење на финансиското работење на единиците на локалната самоуправа и објавување на податоците за извршувањето на приходите и расходите на веб-страницата на Министерството за финансии;
- Следење на условите за исполнување финансиска нестабилност на општините;
- Буџетски циркулар за општините за наредната година со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Одделението за јавни претпријатија и агенции согласно измена на Систематизација стана Сектор за следење и анализа на финансиското работење на јавните претпријатија и истиот во 2025 година ги реализираше следните активности:

- Доставени мислења по законски и подзаконски акти, по информации и извештаи по програми, одлуки и други материјали доставени од Владата и други институции во надлежност на Одделението/Секторот
- Учество во работни групи за подготовка на закони и стратегии согласно Реформаска агенда;
- Реализирана обука за вработените од Секторот;
- Доставена Информација до Владата на Република Северна Македонија со која се дадени инструкции на јавните претпријатија и трговските друштва за формата, начинот и роковите за доставување на Финансиските планови и Програмите за работа за 2026 година;
- Доставено Циркуларно писмо до јавните претпријатија и трговските друштва за прибирање на податоци за годишните и среднорочните проекции со цел правилно и навремено планирање на активностите кои ќе треба да ги реализираат во наредниот среднорочен период;

- Објавени податоци за извршувањето на приходите и расходите на јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост на веб-страницата на Министерството за финансии;
- Следење на финансиското работење на јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост;
- Дадени мислења по однос на годишните планови за вработување на јавните претпријатија;
- Дадени известувања по однос на барања за обезбедени финансиски средства за вработување кај јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост.

Во **Потпрограмата за трезор** беа подготвени и донесени акти коишто се во функција на исполнување на целите и задачите, и тоа:

- Годишен извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот од 1 јануари до 31 декември 2024 година;
- Полугодишен извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2025 година;
- Упатство за изменување Упатство за изменување и дополнување на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување, начинот на евидентирање, распоредување, поврат и поврат и пренасочување на јавните приходи;
- Правилник за изменување на Правилникот за класификација на приходите;
- подзаконски акти за изменување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за буџети, поради усогласување согласно измените на Законот за буџети (Упатство за планирање на ликвидноста на Буџетот; Упатство за начинот на управување на ликвидноста на системот на Единствената трезорска сметка; Упатство за начинот за преземање обврски; Упатство за организациски единици за финансиски работи на буџетски корисници);
- активности во насока на исполнување на законските обврски и цели.

Во **Потпрограмата за управување со јавен долг** беа подготвени и донесени следните документи:

- Годишен извештај за управување со јавниот долг за 2024 година;
- издадени државни хартии од вредност според календарот за издавање на хартиите од вредност;
- Одлука за задолжување на Република Северна Македонија кај Шпарксе Банка АД Скопје по договорот за краткорочен кредит за финансирање на буџетските потреби на РСМ објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.59/2025;
- Одлука за задолжување на Република Северна Македонија кај НЛБ Банка АД Скопје по договорот за краткорочен кредит за финансирање на буџетските потреби на РСМ објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.240/2025;
- Одлука за задолжување на Република Северна Македонија кај Шпарксе Банка АД Скопје по договорот за краткорочен кредит за финансирање на буџетските потреби на РСМ објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.245/2025;
- Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2025 година објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.263/2025;

- Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2026 година објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.268/2025;
- Одлука за максимален износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал - Еврообврзница на Република Северна Македонија објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.270/2025;
- Стратегија за управување со јавниот долг за периодот 2026–2028 (со изгледи до 2030 година);
- Проспект за издавање и тргување на 24-та емисија на обврзници за денационализација;
- Измена на Законот за јавен долг, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.12/2025;
- Одлука за задолжување на Развојна Банка на Северна Македонија АД Скопје за кредитната линија за финансирање на инвестиции и развој на приватните трговски друштва, со средства обезбедени во Буџетот на РСМ, во износ од 250.000.000 евра објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.19/2025;
- Одлука за издавање на државна гаранција на АД Електрани на Северна Македонија кои произлегуваат од Договорот за кредит Халк банка АД Скопје во износ од 1.800.000.000 денари, наменет за обртни средства објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.118/2025;
- Одлука за за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје кои произлегуваат од Договорот за синдициран кредит од Стопанска банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје и Халк банка АД Скопје во износ од 3.600.000.000 денари објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.240/2025;
- Во текот на 2025 година беше донесена Ревидирана стратегија за управување со јавниот долг за периодот 2026–2028 (со изгледи до 2030 година) која не е предвидена со годишен план. Истата е донесена од страна на Владата на РСМ на 138-та седница одржана на 23 декември 2025 година.

## ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА

**Во Потпрограмата за политика од областа на акцизите** беа донесени следните законски и подзаконски акти:

- Среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2026–2030 година.

**Во Потпрограмата за даночна политика** во 2025 година, од страна на Собранието на Република Северна Македонија беа донесени следните закони:

- Закон за минимален глобален данок на добивка („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.3/25 од 03.01.2025 година);
- Закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“ Службен весник на Република Северна Македонија” бр.3/25);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (“ Службен весник на Република Северна Македонија” бр.3/25 од 03.01.2025 година);
- Донесен Закон за изменување на Законот за административните такси (објавен во “ Службен весник на Република Северна Македонија” бр.3/25 од 03.01.2025 година);
- Донесен Закон за изменување на Законот за даночна постапка (објавен во “ Службен весник на Република Северна Македонија” бр.3/25 од 03.01.2025 година);
- Донесен Закон за изменување на Законот за Управата за јавни приходи (објавен во “ Службен весник на Република Северна Македонија” бр.3/25 од 03.01.2025 година);

- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.267/25);
- Закон за Изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.247/25);
- Закон за Изменување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.267/25);
- Донесен е Правилникот за начинот на пресметување и наплата на дополнителниот данок на добивка (Службен весник на РСМ, бр.270/2025 од 31.12.2025 и исправка во Службен весник на РСМ, бр. 2/2026 од 05.01.2026 година).

**Во Потпрограмата за царинска политика** во 2025 година донесени се:

- Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (“ Службен весник на РСМ” бр.62 од 21.03.2025 година);
- Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (“ Службен весник на РСМ” бр.189 од 11.09.2025 година);
- Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (“ Службен весник на РСМ” бр.248 од 11.12.2025 година);
- Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа (“ Службен весник на РСМ” бр.130 од 27.06.2025 година);
- Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2026 година (“ Службен весник на РСМ” бр.261 од 25.12.2025 година).

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

**Во Потпрограмата: Банкарски и небанкарски институции** беа подготвени донесени:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење; („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.37/25);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за банките;(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.37/25);
- Закон за изменување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија; („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/25) ;
- Закон за изменување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија;(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25);
- Закон за изменување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25);
- Правилник за начинот на внесување, пријавување, исправка и бришење на податоците од Регистарот на вистински сопственици, начинот на изразување на висината на уделот (индикатор за утврдување на сопственоста), начинот на пребарување и користење, начинот на одржување и администрирање и техничките барања (потреби) за воспоставување на Регистар на вистински сопственици;
- Правилник за начинот на оценување на работењето на финансиските разузнавачи, видовите на извештаи, формата и содржината на образецот за оценување и другите обрасци;
- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог;
- Правилник за формата и содржината на налогот за вршење на надзор;

- Информација во врска со билатералните договори за поттикнување и заемна заштита на инвестициите и потребата од формирање на меѓуинституционално тело за подготовка на билатерални договори и преговори со трети земји;
- Информација за склучување на Договор за воспоставување на кредитна линија за финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва со средства од Договорот за задолжување од Буџет на Република Северна Македонија;
- Информација за склучување на Договорот за регулирање на надомест со Развојна банка на Република Северна Македонија АД Скопје за реализација на проект/програма на Владата на Република Северна Македонија.

Во текот на 2025 година во континуитет се издаваа дозволи, согласности, решенија, предлог-лиценци во делокругот на одделението. Во текот на 2025 година се вршеше континуиран надзор над финансиски друштва и даватели на финансиски лизинг, главно во насока на заштита на граѓаните-корисници на услуги од овие друштва.

**Во Потпрограмата: Пазар на капитал** беа подготвени и донесени:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25);
- Одлука за 24-та емисија на обврзници за денационализација денационализација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.260/25).

**Во Потпрограмата: Сметководствен систем, ревизија и систем на плаќања** беа подготвени и донесени:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи (" Службен весник на РСМ" бр.37/25 I 144/25) ;
- Закон за изменување на Законот за државната ревизија(" Службен весник на РСМ" бр.3/25;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи(" Службен весник на РСМ" бр.47/25);
- Закон за изменување на Законот за платежни услуги и платни системи(" Службен весник на РСМ" бр.267/25);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници(" Службен весник на РСМ" бр.267/25);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетите(" Службен весник на РСМ" бр.267/25);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници (" Службен весник на РСМ" бр.267/25);
- Правилник за изменување на Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници(" Службен весник на РСМ" бр. 267/25);
- Дополнително, беше спроведена обука на политичките партии во врска со материјалното и финансиското работење и начинот на пополнување на финансискиот извештајо.
- Воедно беа подготвени и:
- Предлог закон за вршење на сметководствени работи;
- Предлог закон за државната ревизија;
- Предлог закон за сметководство.

**Во Потпрограмата: Игри на среќа и забавни игри** во континуитет се издаваа дозволи, решенија, предлог-лиценци во делокругот на одделението. Беше подготвен и усвоен од Владата на РС Македонија:

- Предлог-закон за приредување на игри на среќа и за забавни игри.

**Во Потпрограмата: Систем на осигурување** беше подготвен и донесен:

- Закон за изменување на Законот за супервизија на осигурување. („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25):

Истовремено, беа подготвени:

- Информација за вондредно собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи виртуелно на 5 март 2025 година;
- Информација за Петнаесетто Годишно собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи на 27 јуни 2025 година, ЗУГ, Швајцарија.

Други активности што се реализираат во рамките на Програмата: Финансиски систем:

- изготвување мислења по доставени барања за мислења по однос на закони и извештаи за работа и финансиски извештаи од други институции;
- организирање на четири обуки за банкарство и пазар на капитал во соработка со АТТФ - Агенцијата за трансфер на финансиска технологија од Луксембург;
- учество во работата на Поткомитети помеѓу РС Македонија и ЕУ;
- раководење со Поглавје 4 – Слободно движење на капитал и Поглавје 9 – Финансиски услуги.

## ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА УНИЈА

### Потпрограма: Управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА

Во Потпрограмата за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА во текот на 2025 година беа подготвени повеќе документи и преземени низа активности во функција на понатамошно унапредување на односите со Европската Унија:

- годишни изјави за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за индиректно управување со средствата од ИПА и годишни финансиски планови за 2024 година за:

  1. Годишна програма за 2017 од областа на труд и образование;
  2. Повеќегодишната програма МААР од областа на транспорт и животна средина;
  3. Годишна Акциска програма за 2022 од областа на животна средина од ИПА 3;
  4. ИПАРД Програмата 2014–2020;
  5. ИПАРД Програмата 2021–2027.
- Финални декларации на трошоци за Годишните Акциски програми 2015 и 2016 од ИПА 2;
- конечни извештаи од спроведени верификациски посети согласно Планот за спроведување верификациски посети за 2025 година;
- квартални извештаи до ЕК за управување со идентификуваните неправилности во програмите на ИПА/ИПАРД;
- Прогнози за парични текови и можни повлекувања на средства од ЕК за сите активни ИПА 2 и ИПА 3 програми;
- Добиена е акредитација/доделено е право за индиректно управување за сите три оперативни програми (транспорт, животна средина и човечки капитал);

- Завршни сметки по национално законодавство за осум денарски сметки со кои располага Националниот фонд;
- Предлог-уредба за поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот на плата за ЕУ и ИПА структурите, Владата na 114-та Седница одржана на 30.12.2025 година ја разгледа Уредбата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии. Обврската за предлагање и усвојување на горенаведената Уредба ја превзема Министерството за Европски прашања;
- Информација за статусот на имплементацијата на ИПА II и преглед за процена на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2024 година - Потребата за изготвување Информација за 2024 е надмината поради тоа што секторот даде придонес во две посебни информации со што опфатена е проблематиката и Владата е информирана соодветно, и тоа на 221-ва седница на Владата одржана на 16 јануари 2024 каде разгледани се "Информација за приоритизација на проекти кои би се тендерирале и соодветно имплементирале во рамките на расположливите средства од Програмата ИПА II (2014–2020) за сектор транспорт" изготвена од страна на МТ и "Информација за статусот на имплементација за Повеќегодишната акциска програма за животна средина и климатски акции од ИПА 2 на Република Северна Македонија земајќи го предвид автоматско повлекување на неискористените ИПА средства од алокациите за 2018 година" изготвена од МЖСПП;
- Акциски план за управување со ризици во рамки на структурата на ИПА и ИПАРД;
- Информација за преземените мерки и активности предвидени во консолидираните Акциски Планови за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во Годишното ревизорско мислење и Годишните извештаи за ревизорска активност за финансиската 2023 година за ИПА програмите имплементирани преку модалитетот на индиректно управување, издадени од Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош – ИПА, Информацијата е разгледана и усвоена на 101-та седница на Владата на РСМ одржана на 19 август 2025 година (Т44);
- Информација за статус на имплементација на програмите во рамки на Инструментот за претпристапна помош – ИПА, имплементирани преку модалитетот на индиректно управување, Информацијата е разгледана и усвоена на 101-та седница на Владата на РСМ одржана на 19 август 2025 година (Т45);
- Информација по Нацрт извештај од спроведена ревизорска мисија од страна на Генералниот директорат за проширување и источно соседство (DG ENEST) при Европската комисија по однос на акредитација на ИПА III оперативните програми во областа транспорт, животна средина и човечки капитал, Информацијата е разгледна и усвоена на 76-та седница на Влада на 20.05.2025 година;
- Информација за поврат на средства од Министерство за животна средина и просторно планирање за проект финансиран во рамки на програмата Транзициска помош и институционална надградба (ТАИБ 2009) од ИПА I програмскиот период (2009–2013), Информацијата е разгледна и усвоена на 122-та седница на Влада на 28.10.2025 година;
- Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош ИПА 3, Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 е разгледна и усвоена на 28-та седница на Влада на 26.03.2025 година. Истата е објавена во службен весник со број 104/25.

**Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)**

Во Потпрограмата Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) беа спроведени активности во насока на имплементација на средствата од ИПА.

Воедно, беше подготвена Анализа на научени лекции за 2024 година, а потоа беше доставена до инволвираните страни на 19.03.2025 година. На 07.05.2025 година беше доставен квартален извештај за размената на тендерската документација за периодот јануари-март 2025 година.

На 04.07.2025 година беше подготвен и доставен Полугодишниот извештај на размената на тендерската документација за период јануари-јуни 2025 година.

На 06.10.2025 година беше доставен Третиот квартален преглед на тендерската документација до НАО кој ги опфаќа пресметките на внатрешната и надворешната стапка за одбивање за период од 01.07.2025 година до 30.09.2025 година.

Анализата на научени лекции за 2025 година е во процес на подготовка.

**Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција**

Во рамките на оваа потпрограма на Секторот за меѓународни финансиски односи во 2025 година беа подготвени и донесени од страна на Владата следните документи:

- Одлука за формирање на Совет за управување со јавни финансии;
- Годишен извештај за следење на спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари–декември 2024 година;
- Програма за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2025–2028 година со Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2025 година.

Во 2025 година беа подготвени: Придонес кон извештајот на ЕК за напредокот на РСМ за периодот октомври 2024–март 2025 година, Придонес кон извештајот на ЕК за напредокот на РСМ за периодот мај 2025–август 2025 година, Придонес кон ИПА Годишниот извештај за 2024 година и Придонес кон Годишниот извештај за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан за 2024 година. Исто така, во рамките на оваа потпрограма беа спроведени активности за координација, следење и известување на Владата за статусот на исполнувањето на условите за повлекување на втората транша од Макро - финансиска поддршка од Европската унија во вкупна вредност до 50 милиони евра.

**Потпрограма: Меѓународни финансиски односи**

Во рамки на **Потпрограмата за меѓународни финансиски односи во 2025 година** беа подготвени, а последователно и усвоени од страна на Владата и Собранието, Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за Фотонапонска електроцентрала Битола 3, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка

за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД, Скопје.

Воедно, во 2025 година спроведени се активности за подготовка, координација, следење и известување на Владата за следното:

- статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови;
- за потребата од склучување на Договор за грант меѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обештетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за финансирање на TEN-T Проектот за автопат од Скопје до границата со Косово;
- за изразен интерес од меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за финансирање на проектот подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица, фаза 2-наводнување и фаза 3-производство на електрична енергија;
- усогласувањето и склучувањето на Договор за обештетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици;
- усогласувањето и склучувањето на Договор за грант за Проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија”;
- усогласувањето и склучувањето на Договор за грант за дополнително финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор;
- усогласувањето и склучувањето на Амандман број пет на Договорот за грант за развојна цел меѓу Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија за развојната цел: Република Северна Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество;
- усогласување и склучување на Договорот за грант за Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан со користење на повеќефазен програмски пристап помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународно здружение за развој, во својство на водечки финансиски институции на WBIF – SSTP; и
- усогласувањето и склучувањето на Амандман бр. 1 на Договор за грант наменет за проектот „Изградба на нова железничка делница Крива Паланка-граница кон Р. Бугарија, како дел од железничкиот Коридор VIII“.

Воедно, во рамките на оваа Потпрограма подготвени и усвоени се од страна на Владата следните одлуки:

- Одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој;
- Одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите;
- Одлука за зголемување на придонесот на Република Северна Македонија во Меѓународното здружение за развој.

**Потпрограма: Управување со јавни инвестиции**

**Во рамките на оваа потпрограма беа преземени следните активности:**

- Донесена Уредба за управување со јавни инвестици од страна на Владата, на предлог на Министерството за финании;
- подготвен Прирачник за процесите за управување со јавни инвестиции и истиот е објавен на веб страна на Министерството за финансии;
- изработен Водич за подготовка на физибилити студија со кој се даваат детални препораки за изработка на физибилити студии и истиот е објавен на веб страната на Министерството за финансии;
- организирана обука за обучувачи за вработените од Секторот за УЈИ;
- организирани обуки за службеници од релевантни јавни институции за примена на Уредбата за управување со јавни инвестиции и изработка на концепт на проект;
- формиран е Комитет на управување со јавни инвестиции, како меѓуресорско работно тело на Владата на Република Северна Македонија, кое ќе ги разгледува и ќе одредува приоритет на новите иницијативи за проекти за јавни инвестиции на централната власт;
- инсталирано е и спроведено е тестирање и адаптација на ИТ решението ПИМИС од страна на Секторот за УЈИ во МФ;
- прибирање на податоци за проекти за јавни инвестиции (обрасци за концепт на проект и извештаи за следење) и нивно внесување во ПИМИС.

## ПРОГРАМА ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

**Потпрограма за јавна внатрешна финансиска контрола**

Во рамките на оваа потпрограма беа реализирани следните активности:

- ажурирани се материјалите (учебниците) за модулите "Внатрешна ревизија", "Финансиско управување и контрола" и "Сметководство и финансиско известување" за потребите на процесот на сертификација на внатрешните ревизори;
- изготвена е база на прашања за сертификација на внатрешните ревизори, за сите испитни модули;
- изготвен е Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година, и истиот е усвоен од страна на Владата на Република С. Македонија;
- координативна улога во спроведување на ад хок ревизии;
- координирани и спроведени ад-хок ревизии;
- анализирани документи доставени од страна на единиците за финансиски прашања од институциите на централно и локално ниво;
- анализирани документи доставени од страна на единиците за внатрешна ревизија од институциите на централно и локално ниво;
- изготвени мислења кои се однесуваат на конечни извештаи/акциски планови/информации за реализација на препораки дадени од ДЗР (96), даден инпут до Сектор за буџети/Сектор за следење и анализа на финансиското работење на јавните претпријатија и до Сектор за финансиски систем за изготвување на обединети мислења по извештаи на независниот ревизор (31), како и мислења/одговори во врска со јавната внатрешна финансиска контрола (3);

- изготвен Акциски план за донесување на предвидените подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор;
- изготвен "Тарифник за висината на надоместок за полагање на испит за стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, за учество на обука за раководителите и лицата вклучени во координацијата на развојот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија и паричен надоместок за обучувачи";
- изготвен "Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог", објавен во Службен весник на РСМ бр. 109/2025;
- изготвена "Методологија за управување со ризици кај јавните субјекти";
- изготвен нацрт "Правилник за престанување на важењето на Правилникот за Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори", нацрт "Правилник за престанување на важењето на Правилникот за Повелбата за внатрешната ревизија", нацрт "Објава за престанување на важењето на Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија", нацрт "Уредба за престанување на важењето на Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите", истите се доставени на мислење до СЗ;
- изготвен нацрт "Правилник за начинот за организирање, пријавување, полагање на испитот, известувањето за резултатите од испитот, формата и содржината на обрасците за организирање, пријавување, полагање и известување за резултатите од испитот за стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор и начинот на стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор за лицата кои поседуваат меѓународен сертификат за овластен внатрешен ревизор (CIA) издадено од Институтот за внатрешни ревизори (IIA) или Центарот за извонредност во финансиите (CEF) и Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (CIPFA)", нацрт "Правилник за формата и содржината на уверението за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор" и "Програма за спроведување испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор". Истите се доставени на мислење до СЗ;
- изготвен "Правилник за рамката за внатрешни контроли" и истиот е доставен на мислење до СЗ;
- изготвено "Упатство за подготовка на Стратегија за внатрешна ревизија и Годишен план за внатрешна ревизија";
- изготвени "Насоки за спроведување на ИТ ревизија";
- изготвени "Насоки за спроведување на Ревизија на успешност";
- ЦЕХ интензивно работи во делот на координација, организирање и одржување на обуки од областа на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија. ЦЕХ, преку АЈФ организираше и спроведе обуки на тема "Процес на управување со ризици", "Внатрешна ревизија – основно ниво" и "Подготовка на Програма за обезбедување и унапредување на квалитетот на внатрешната ревизија". Дополнително, ЦЕХ, со поддршка на проектот, преку АЈФ организираше обуки на тема "Ад-хок ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од Реформската агенда на Северна Македонија 2024–2027", "Раководна отчетност: концепти и дефиниции", "Обука за внатрешна ревизија за вработените од единицата за внатрешна ревизија на АД Електрани на Северна Македонија", како и настан на тема "Придобивките од функцијата на внатрешната ревизија и процесот на управување со ризици во АД "Електрани на Северна Македонија" наменет за високото раководство на овој субјект. Преку овие обуки се обучени повеќе од 300 вработени од институциите од јавниот сектор;
- ЦЕХ спроведе проценка на потребите за обука во областа на ФУК и ВР;

- координирани се сите активности и подготвени се сите потребни документи во врска со Поглавје 32 по барање на МЕП и ЕК;
- подготвени се сите потребни документи во врска со Поглавје 22 по барање на МЕП и ЕК;
- ЦЕХ учествува на координативни состаноци за подготовка на потребните документи, и следење на реализацијата на предвидените активности, согласно Реформската агенда;
- Под координација на ЦЕХ спроведени се 6 ад-хок ревизии на системот на внатрешни контроли на процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024–2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, притоа се издадени 6 конечни ревизорски меморандуми, кои се доставени до соодветните институциите опфатени со овие ревизорски ангажмани. ЦЕХ подготви и достави до МЕП Консолидиран извештај од извршени ад-хок/планирани ревизии на системот на внатрешни контроли на процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024–2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан со рок на доспевање декември 2025 година;
- Реализирани се двата чекори од Реформската агенда во надлежност на ЈВФК со рок за реализација декември 2025 (по проценка на ЦЕХ), што овозможуваат повлекување на околу 8.5 милиони евра од ЕУ преку инструментот за Реформи и раст на земјите на Западен Балкан.
- Во текот на 2025 година беа спроведени дополнителни работни активности кои не беа опфатени (предвидени) со планските документи за работа на МФ, како што се:
  - ЦЕХ врши координација на активностите и активно учество во имплементација на проектот "Поддршка на имплементацијата на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии", во делот на ЈВФК;
  - Патоказ за Реформа на јавна администрација (РЈА), во делот на управување со јавни финансии (УЈФ)
  - ЦЕХ врши координација на следењето на реализацијата на мерките во надлежност на министерството коишто произлегуваат од " Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2021–2025".

**Потпрограма за финансиска инспекција во јавниот сектор**

Во рамките на оваа потпрограма во 2025 година беа реализирани следните активности:

- донесена е Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.15/25). Измените се резултат на усогласувањето на Уредбата со Законот за организација и работа на органите на државната управа;
- подготвен е Нацрт-текст на Стратегијата за борба против измами за периодот 2026–2030 година и доставен на мислење до членовите на АФКОС мрежата;
- одржани се состаноци на АФКОС мрежата на кои беше презентирана нацрт-верзијата на Стратегијата на членовите на мрежата и разгледан конкретен случај;
- присуство на редовните квартални состаноци за неправилности за ИПА I, ИПА II, ИПА III, ИПАРД I, ИПАРД II и ИПАРД III, на кои беа разгледани пријавените неправилности и активностите за следење на кварталните периоди;
- финалниот текст на меморандумите за соработка помеѓу Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија и Министерството за финансии се доставени на мислење до двете институции;

- Владата го разгледа Извештајот за имплементација на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ за периодот 2022–2025 година и Акцискиот план за 2024 година;
- Во тек е евалуацијата на понудите за Твининг лајт проектот „Зајакнување на капацитетот на службите за финансиска инспекција и координација на борбата против измами (АФКОС)“ во просториите на Делегацијата на Европската Унија во Скопје;
- дадени се забелешки/коментари во врска со статусот, улогата и надлежностите на АФКОС во согласност со Договорот за инструментот помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за специфични аранжмани за спроведување на поддршката на Унијата за Република Северна Македонија во рамките на инструментот за реформи и раст, образец за годишен извештај на WBGF 2024 - Анекс 10 и нацрт-Уредба за воспоставување на структурата за спроведување и контрола на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан;
- учество на Семинар за системи за управување и контрола во контекст на Планот за реформи и раст организиран од DG ENEST во соработка со OECD-SIGMA;
- учество на годишниот АФКОС семинар 2025 со земјите кандидати и потенцијалните кандидати за Европската Унија, кој се одржа на 8 и 9 октомври 2025 година во Тирана, Р. Албанија, во организација на Европската канцеларија за борба против измама (ОЛАФ);
- во рамки на проектот „Поддршка за реформи на политиките, пристапување и ефективност (SUPRAE)“, одржана е обука за претставници на АФКОС мрежата;
- Присуство на on-line состанок на 22-ториот Поткомитет ЕКФИН;
- континуирана поддршка на инспекторите од ОЛАФ во врска со случаите за пријавени неправилности поврзани со средствата од ИПА, а во текот на 2025 година беше дадена поддршка во четири случаи;
- Врз основа на спроведената анкета за процена на потребите за обука на институциите вклучени во системот за заштита на финансиските интереси на ЕУ, (АФКОС системот), АФКОС одделението подготви План за обуки за периодот 2026–2027 година, кој го достави до Сектор за академија за јавни финансии на запознавање и понатамошно постапување;
- Финалниот текст на Стратегијата за борба против измами и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ за периодот 2026–2030 година на 18.12.2025 година доставен е на мислење до ОЛАФ;
- учество во работата на првиот мониторинг Комитет на Инструментот за реформи и раст одржан на 02.07.2025 година;
- изготвена е збирна табела за процена на ризикот од неправилности и измами на ниво на чекори предвидени во Реформската агенда согласно доставените податоци од надлежните национални институции/сектори и информација, кои се доставени до Кабинет на министер;
- Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2024 година;
- континуирано спроведување финансиски инспекции;
- во финална фаза на доработка е Упатството за начинот на следење, мерење и проценка на ефективноста на финансиската инспекција во јавниот сектор, а подготвена е и нацрт Процедура за вршење на финансиска инспекција, која е доставена до тимот за квалитет во Министерството за финансии за одобрување;
- донесен е Закон за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Сл. весник на РСМ“ бр.37/2025), како резултат на усогласувањето со Законот за организација и работа на органите на државната управа;

- подготвени се измени и дополнувања на Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор (*), поради потребата од усогласување на недостатоците констатирани при примена на законот, како и по забелешки добиени од Државната комисија за спречување на корупција;
- доставени се квартални извештаи во рамки на Поглавјето 32 - Финансиска контрола и придонес во подготовка за нацрт-преговарачките позиции за Кластер 1.

**Потпрограмата Државен девизен инспекторат**

Во рамките на оваа потпрограма во 2025 година беа реализирани следните активности:

- донесен е Закон за измена и дополнување на Законот за девизната инспекција (“ Службен весник на Република Северна Македонија” бр.16/2025), како резултат на усогласувањето со Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/2025) и Законот за организација и работа на органите на државната управа со кој Државниот девизен инспекторат продолжува да работи како орган во состав на Министерството за финансии без својство на правно лице;
- во соработка со Секторот за управување со човечки ресурси извршена е измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за финансии и донесен е и Правилник за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, со што вработените во Државниот девизен инспекторат се превземени како вработени во Министерството за финансии;
- спроведена е постапка за примопредавање на опремата, документацијата, побарувањата и намирувањето на обврските како и другите средства од Државниот девизен инспекторат, од страна на Комисија формирана со Решение за формирање комисија за примопредавање на опремата, документацијата, побарувањата и намирувањето на обврските како и другите средства заведено под бр. 04-2747/1 од 03.03.2025 година;
- формирана е Комисија со Решение за дополнување на Комисија за изготвување на акти од областа на канцелариското и архивското работење на Министерството за финансии која ги опфати и вработените во Државниот девизен инспекотрат со бр. 04-3851/1 од 02.04.2025 година, со кои Државниот девизен инспекторат се додава како организациона единица во Планот на архивски знаци на Министерството за финансии;
- донесен е Годишен план за работа на Државниот девизен инспекторат за 2025 година со бр. 08-271/1 од 13.11.2024 година.

## ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА

**Потпрограмата за управна постапка и нормативно имотноправни и облигациони работи**

Во текот на 2025 година континуирано беа преземани активности за решавање на предметите за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и на предметите за експропријација.

Исто така, во подрачните одделенија се спроведуваа постапки за експропријација за реализација на проектот за изградба на Коридорот 8 (делница Тетово–Гостивар–Букојчани и автопатот Требеништа–Струга–Ќафасан) и на Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп–Битола), како и други постапки за експропријација заради реализација на друг јавен интерес утврден со закон.

Тековно беа изготвувани мислења во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, а беа давани и одговори по поднесени претставки и предлози во согласност со Законот за постапување по претставки и предлози. Исто така, се управуваше со системот за електронско јавно наддавање, воспоставен во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Беа подготвени Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земиште во државна сопственост, Закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите водржавна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Продолжуваат консултациите со релевантните институции во врска со текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земиште во државна сопственост.

Донесен е Законот за измена и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/25).

Во 2025 година беа донесени Одлуки за давање на користење недвижни ствари на Министерството за финансии за потребите на подрачните одделенија на Управата за имотноправни работи (Гостивар, Тетово, Кочани, Македонски Брод).

**Потпрограма за наплата на побарувања од должниците**

Во рамките на оваа потпрограма континуирано се вршеше наплата на побарувањата и продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки по изготвени процени од страна на Бирото за судски вештачења и беа донесени одлуки за продажба од страна на Владата на Република Северна Македонија. Паралелно, во текот на 2025 година се изготвуваа завршни сметки, се постапуваше по одлуки на Управниот суд и на Вишиот управен суд во согласност со Законот за управни спорови (донесување управни акти), се постапуваше по жалби изјавени против решенија за присилна наплата на судски такси (донесување управни акти), се поднесуваа опомени и известувања до должници, се следеше почитувањето на одредбите од договорите и придржувањето кон отплатата на утврдените ануитети од страна на должниците, се обезбедуваше комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата, се активираа инструментите за задршка на средства за поврат на ДДВ и задршка на донации до Секторот за трезор/се поднесуваа барања за поведување судска постапка за наплата на побарувања.

## 1.11 ПРОГРАМИ

***Во Министерството за финансии се утврдени следните програми:***

### 1.11.1 ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

Во рамки на оваа програма се опфатени генерално активностите на Сектор Кабинет на министерот, Секторот за правни работи, Секторот за финансиски прашања и Секторот за ИТ технологија и дигитализација, кои обезбедуваат институционална поддршка на Министерството со цел непречено и нормално функционирање на институцијата, потоа активностите на Секторот за внатрешна ревизија, којшто ја врши функцијата на внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во други субјекти согласно надлежностите од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, како и активностите Секторот за управување со човечки ресурси и Одделението за стратешко планирање.

Во рамките на оваа програмата спаѓаат:

– активностите за работи непосредно поврзани со министерот, заменикот на министерот и државниот секретар, активностите на финансискиот сектор, редовното сервисирање на обврските, организацијата и функционирањето на информациониот систем и планирањето и следењето на јавните набавки;

- активностите на внатрешната ревизија во Министерството за финансии и во други субјекти согласно надлежностите од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор;
- организационата поставеност, кадровската политика и организирањето обуки за вработените во Министерството;
- активностите на Одделението за стратешко планирање за подготовка на стратешките документи на МФ;
- активностите за собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата на секторите, односно организациските единици за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, активностите и учеството во изработката на годишните планови за јавни набавки за тековната година, спроведувањето постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавните набавки предвидени во Годишниот план за јавни набавки, извештаите за реализација на Годишниот план за јавни набавки, спроведувањето набавки под вредносни прагови во согласност со Законот за јавните набавки, одговори по жалби до ДКЖЈН, одговори на барања за информации од јавен карактер за кои имател на информации е Министерството за финансии, мислења по доставени барања на мислења по закони, подзаконски акти и други прописи кои се од надлежност на Министерството, а кои ги изработуваат организациските единици во Министерството, мислења по закони, подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа, мислења по поднесени иницијативи за изменување и дополнување на законски и подзаконски акти во надлежност на Министерството доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа, одговори на тужби, жалби и други правни лекови доставени до Државното правобранителство на РСМ, а во кои постапки како тужена страна се јавува Министерството за финансии, поднесени иницијативи до Државното правобранителство на РСМ за поведување постапки пред надлежен суд;
- следење и реализација на договори склучени согласно ГПЈН, договори по исклучок од ЗЈН и договори склучени преку СОЗР, одржување, сервисирање и издавање на службените возила, изготвување решенија за користење мобилни телефони и изготвување акти за канцелариско и архивско работење;
- Ажурирање на интерната регулатива, постапките и техничко-организациските мерки за обработка и заштита на личните податоци, континуирано едуцирање на вработените и подигање на нивната свест за обврските кои произлегуваат од примена на регулативата од областа на заштитата на личните податоци, како и спроведување на редовни и вонредни контроли.
- Изработка на предлог-буџетско барање и пополнување на буџетскиот циркулар, во согласност со насоките и фискалните ограничувања утврдени со закон, што вклучува собирање, обработка и анализа на финансиски податоци, како и проекција на буџетските потреби по програми и ставки;
- Подготовка и спроведување на финансискиот план на Министерството, со континуирано следење на состојбата и распределбата на буџетските средства, со цел рационално, навремено и законито користење на расположливите ресурси;
- Прецизна и навремена евиденција на сите финансиски трансакции, вклучувајќи прием и обработка на финансиски документи, евидентирање на приходи и расходи, како и подготовка на финансиски извештаи и завршни сметки, преку континуирано усогласување и контрола на финансиската документација во согласност со законските прописи, со цел обезбедување точност, интегритет и транспарентност во финансиското работење на Министерството;
- Редовна исплата на Комисии кои одлучуваат по барања за денационализација.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени – 151***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2026 година: 410.576.000,00 денари.

### 1.11.2 ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ

Оваа програма ги опфаќа активностите поврзани со креирање и следење на макроекономската политика и подготовка на Програмата на економски реформи.

Во рамки на Програмата се реализираат активности во функција на:

- креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, изработка на Програмата на економски реформи;
- зајакнување на транспарентноста и инклузивноста на повеќе релевантни чинители во подготовката на стратешките документи во доменот на јавните финансии, а особено во контекст на подготовката на Буџетот на Република Северна Македонија за следната фискална година;
- ставање во функција различни инструменти во различни институции со цел поддршка на инвестициите согласно Планот за забрзан економски раст;
- реализирање меѓународни проекти за јакнење на капацитетите на Министерството за финансии;
- зголемување на фискалниот капацитет и на приходите на општините, зголемување на финансиската дисциплина на општините и намалување на долговите, зголемување на транспарентноста и отчетноста преточени и во законско решение.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени - 13***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2026 година: 78.035.000,00 денари.

### 1.11.3 ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР, ЈАВЕН ДОЛГ И ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Оваа програма ги опфаќа активностите поврзани со системот за подготвување, извршување и финансирање на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа, управување со трезорскиот систем и управување со јавниот долг, како и следење и анализа на финансиското работење на јавните претпријатија.

Во рамки на Програмата се реализираат активности во функција на:

- креирање на фискалната политика и управување со јавните финансии, унапредување на буџетскиот процес;
- изработка на Фискалната стратегија за среднорочен период и на буџетскиот циркулар;
- подготовка на Предлог-буџетот на Република Северна Македонија;
- Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија;
- контрола на финансиското работење на единците на локалната самоуправа (буџет, измени и дополнувања, периодични извештаи и завршна сметка), како и унапредување на буџетскиот процес преку законски измени;
- извршување на Буџетот (на централно и локално ниво), следење и планирање на буџетската ликвидност и известување за извршувањето на Буџетот;
- мерки и активности со цел ефикасно управување со јавниот долг на Република Северна Македонија;
- изработка на Стратегија за управување со јавен долг;
- редовно издавање државни хартии од вредност на домашниот и на меѓународните финансиски пазари;

- редовно сервисирање на обврските по основ на државниот долг коишто се плаќаат од сметката на Буџетот на РСМ;
- изработка на Годишен извештај за управување со јавниот долг;
- воспоставување на финансиска стабилност и одговорно управување со јавните финансии преку следење на финансиското работење на јавните претпријатија и друштвата во целосна или доминантна сопственост на државата.

Потребни човечки ресурси: п***остојни вработени – 101***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2026 година: 119.300,00 денари.

## 1.11.4 ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА

Оваа програма ги опфаќа активностите поврзани со креирање и дефинирање на јавните приходи како резултат на акцизите, даночната и царинската политика.

Во рамки на Програмата се реализираат активности во функција на:

- креирање на даночната и царинската политика преку изготвување законски и подзаконски акти од областа на данокот на личен доход, данокот на добивка, данокот на додадена вредност, акцизите, данокот на моторни возила, даноците на имот, комуналните и административните такси, регистрирањето готовински плаќања и даночните постапки, обединување и координирање на работите од областа на царинската политика, систем и постапки, како и подготовка на нацрт-договори за одбегнување на двојното оданочување;
- имплементација на Ревидирана Стратегијата за формализација на неформалната економија во Република Северна Македонија 2023–2027 година и акцискиот план за 2026–2027 година.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени - 28***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2026 година: 27.590.000,00 денари.

## 1.11.5 ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за:

- подготовка на регулатива од областа на банкарските и небанкарските институции и следење на спроведувањето на тие прописи;
- предлагање системски мерки и решенија во областа на пазарот на капитал, хартиите од вредност и системот на девизно работење;
- подготовка на регулатива од областа на платежните услуги и платните системи; државната и комерцијалната ревизија, системот на сметководство и сметководствено работење на субјектите; објавување сметководствени и финансиски стандарди и начела;
- подготвување закони од областа на системот на осигурување и реосигурување;
- подготвување закони, подзаконски акти и прописи од областа на игрите на среќа;
- издавање дозволи за работа на друштвата за финансиски лизинг, издавање дозволи за основање и работа на финансиски друштва;
- вршење надзор над работењето на финансиските друштва и давателите на финансиски лизинг;
- Спроведување на чекорите од Реформската агенда во надлежност на секторот;
- Раководење со Поглавје 4 – Слободно движење на капитал и Поглавје 9 – Финансиски услуги во процесот на евроинтеграција.
- Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени – 20***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2026 година: 19.546.000,00 денари.

### 1.11.6 ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Оваа програма ги опфаќа активностите поврзани со креирање и дефинирање меѓународни финансиски односи, координација на спроведувањето на ИПА проекти во областа на управувањето со јавни финансии, координација на активности поврзани со спроведувањето на реформите на управувањето со јавните финансии, како и активности поврзани со финансиските инструменти од ЕУ, исполнување на обврските на Министерството за финансии што произлегуваат од процесот на евроинтеграција, управување со јавните инвестиции и финансиско управување на средствата од претпристапната помош од ЕУ – ИПА.

Во рамки на Програмата се реализираат активности во функција на:

- соработка со меѓународни и билатерални финансиски институции за подготовка и реализација на проектите финансирани со странски заеми и донации;
- координација на активностите поврзани со управување на проектите од ИПА II и ИПА III во Секторот за управување со јавни финансии;
- координација на активностите поврзани со подготовка, следење и известување за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии;
- координација на МФ за навремено исполнување на неговите обврски за подготовка на документите поврзани со процесот на евроинтеграција (НПАА, Придонес кон годишниот извештај на ЕК, акциски планови, мислења и др.);
- координација, следење и известување за спроведувањето на реформите од Реформската агенда во надлежност на Министерство за финансии;
- процена и следење на јавните инфраструктурни проекти примарно од перспектива на фискалното влијание, ризиците и одржливоста;
- обезбедување ефикасно користење на средствата од претпристапната помош на ЕУ за Република Северна Македонија, што ќе ѝ овозможи на земјата поддршка при исполнувањето на критериумите за пристапување на патот кон полноправно членство во ЕУ;
- спроведување на тендерските постапки, склучување договори, следење и исплата на проектите финансирани од ЕУ- ИПА во рамките на децентрализираниот/индиректниот систем за управување во Република Северна Македонија;
- прилагодување на структурите за имплементација на ИПА во насока на искористување на помошта од ИПА III и усогласување со регулативите за неа, како и понатамошна имплементација на структурните фондови.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени - 65***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2026 година: 73.918.000,00 денари.

### 1.11.7 ПРОГРАМА ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Во рамки на оваа програма се опфатени активностите на јавната внатрешна финансиска контрола и финансиската инспекција во јавниот сектор.

Во рамки на Програмата:

- се врши координација и унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку неговите три компоненти: финансиско управување и контрола, внатрешна ревизија и нивна хармонизација;

- се спроведуваат активности на финансиската инспекција во јавниот сектор со цел заштита на финансиските интереси на субјектите во финансиското управување со средствата на државниот буџет, буџетите на единиците на локалната самоуправа и средствата од други јавни извори, како и со средства од фондовите на ЕУ, со утврдување на законитоста и нивното ефикасно и одговорно користење во согласност со посебните прописи со кои се уредува надлежноста за спроведување финансиска инспекција и заштита на финансиските интереси на ЕУ преку координација на административни и оперативни обврски и активности и предлог-измени на националното законодавство во врска со борбата против измама на фондовите од ЕУ и ефективна соработка со ОЛАФ;
- се врши инспекциски надзор над работењето на резиденти и нерезиденти кои вршат дејност на територијата на Република Северна Македонија а кој се однесува на надзор над работењето на: тековни трансакции меѓу резиденти и нерезиденти и нивна реализација во вид на плаќања и трансфери, тековни трансакции меѓу резиденти ако работат со странски платежни средства или ако предмет на работењето се странските платежни средства, едностран трансфер на средства, како лични трансфери од и во Република Северна Македонија, директни инвестиции на резиденти во странство и на нерезиденти во Република Северна Македонија, вложувања во недвижности на резиденти во странство и на нерезиденти во Република Северна Македонија, трансакциите на издавање и воведување на домашни хартии од вредност во странство и вложувања на резиденти во хартии од вредност во странство, трансакциите на издавање и воведување на странски хартии од вредност во Република Северна Македонија и вложувања на нерезиденти во хартии од вредност во Република Северна Македонија, кредитните работи меѓу резиденти и нерезиденти, начинот на вршењето на платежни трансакции со и од странство, плаќањата и наплатите во ефективни странски пари на резидентите во трансакциите со нерезиденти, купувањата и продажбите на странски платежни средства на девизниот пазар, депозитни работи, резиденти кои вршат менувачко работење без одобрување од Народната Банка на Република Северна Македонија, нерезиденти кои вршат дејност без одобрение од надлежен орган на управа, или во спротивност со одобрението, подружници и претставништва на странски лица, се вршат и други работи определени со Законот за девизното работење и со други закони, се води прекршочна постапка и се изрекуваат прекршочни санкции по девизните прекршоци.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени – 26***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2026 година: 23.132.000,00 денари.

### 1.11.8 УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА

Основна цел на оваа програма е:

- водење првостепена управна постапка од областа на приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и од областа на експропријација, согледување и уредување на имотноправните односи со предлагање законски прописи и подзаконски акти кога една од страните е државата (експропријација, приватизација на градежно земјиште), давање совети на Владата на Република Северна Македонија кога станува збор за сопственичките и другите имотноправни односи, а притоа се предмет на интерес на Владата и другите државни органи и на Владата и единиците на локалната самоуправа, како и управување со електронскиот систем за јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари кои не ги користат државните органи;
- непосредно извршување и имплементација на законите од областа на имотноправните односи, и тоа Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, во согласност со кој се води првостепена управна постапка за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, Законот за експропријација, во согласност

со кој се реализирани и се реализираат голем број проекти за изградба на објекти и изведување работи од значење за Република Северна Македонија и од локално значење и Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост со кој се даваат мислења и се врши продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари кои не ги користат државните органи;

- управување со државните средства и со имотот стекнат по основ на должничко-доверителски односи, по основ на ненаплатените побарувања од корисниците на кредити од компензационите фондови, странска помош и од тајванската кредитна линија;
- активности за наплата на побарувања пренесени во Министерството за финансии по законски основи, наплата на побарувања генерирани од Компензационите фондови и наплата на побарувања по основ на јавен долг.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени – 228***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2026 година: 238.007.000,00 денари.

Во Буџетот на Министерството за финансии, на буџетската потпрограма 51 – Совет за унапредување и надзор на сметководствената професија обезбедени се 7.140.000.00 денари.

Во буџетот на Министерството за финансии во разделот 09001 обезбедени се средства на потпрограмата 90 - Биро за јавни набавки во износ од 45.600.000,00 денари, потпрограмата 91 – Управа за финансиско разузнавање во износ од 74.800.000,00 денари и потпрограмата 92 – Државен девизен инспекторат во износ од 10.040.000,00 денари, кој со буџетот за 2025 година повторно е вратен во разделот 09001.

Вкупниот износ на програмата 9 – Органи во состав во буџетот на Министерството за финансии за 2025 година изнесува 130.440.000,00 денари.

# 2 ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (2026–2028 година)

## 2.1 ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата за администрација и поддршка произлегува од:

**1. стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија содржани во Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешки приоритети за 2024–2028 година:**

– професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем;

**2. НПАА**

Поглавје: 1 - Политички критериуми (јавна администрација)

Поглавје: 32 - Финансиска контрола

**3. стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**

– стручна, професионална и департизирана администрација;
– дигитализирана јавна администрација.

**Цел на Програмата:** непречено функционирање на Министерството, континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување постапки за јавни набавки, внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во други субјекти согласно надлежностите од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, како и зајакнување на капацитетите во областите финансиски прашања, стратешко планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии.

**Показатели за успех на Програмата:** зајакнат систем за јавна внатрешна финансиска контрола, извршени ревизии во согласност со годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во други субјекти согласно надлежностите од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, редовно сервисирање на обврските и изработка на предлог-буџетот на Министерството, редовно одржување на инфраструктурата за ИКТ, спроведување постапки за јавни набавки, годишен извештај за поднесени барања за слободен пристап до информнмации од јавен карактер и навремено и квалитетно изготвени Стратешки план, Годишен план за работа и месечни и полугодишни извештаи за реализација на Годишниот план за работа на Министерството за финансии.

| **Програмата е:** | ☒ **хоризонтална** | ☐ **вертикална** |
|---|---|---|

| **Потпрограми (компоненти) на Програмата за администрација и поддршка** | |
|---|---|
| **2.1.1 Потпрограма: Правни работи** | **Показатели за успешност:** реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството |

## Б. План за спроведување

### 2.1.1 Потпрограма: Правни работи

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски МКД | | |
